СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА IV-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 71-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24.XII.1993 г.**

т.18 – З. за данок на добивка
т.19 – З. за персонален данок
т.20 – З. за даноци на имот
т.21 – З. за управа на јавни приходи
т.22 – З. за платен промет

1. АБДИ ФАИК – 26
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 40, 56
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 70
4. АЛИУ ХАМИТ – 89
5. АНДОВ СТОЈАН - 106, 100
6. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 91
7. ДИМОВ ЃОРЃИ - 82
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 80, 101, 151
9. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 115
10. ИВАНОВ ИВАН - 86, 38
11. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 41, 42, 57
12. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 106
13. КИРОВ ТАШКО - 98
14. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 46, 58, 120
15. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 118
16. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 142
17. ПРЕВАЛА ШАВАН - 12, 72, 124
18. ПЕТРОВ ТОДОР - 13, 16, 27, 29, 31, 33, 49, 92, 100, 135, 137, 139, 147, 154
19. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 17, 32, 39, 45, 51, 63
20. ПОПОВСКИ КИРО - 47
21. ПЕТРКОВОКИ ТИТО - 59
22. ПОПОВСКИ МИХАИЛ - 63
23. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 4
24. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 19, 20, 23, 36, 50, 54, 109, 111, 127
25. СТАМЕНОВ РИСТО - 50
26. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 81, 108
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 94, 96, 97, 150
28. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 102, 105, 116
29. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 8
30. ТАИРИ ЏЕЛИЛ-142
31. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ(од Владата)2,4,5,б,7,10,14,1б,18,22,25,29,35,36, 41 53,56,63,70,84,89,91,93 97,180,110,117,125,135

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение ан Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска, Панче Насев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ХАВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот на ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

I/2 ЈМ/НД

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Со амандманот што се предлага бришење на членот 6 од Законот за добивка целта е основна бидејќи во нашата Република не постојат претпријатија кои капитално се поврзани посебно во услови на доминанта општествена сопственост, а нашиот пресметковен систем утврден со Законот за сметководство не дал конкретни решенија за консултација при постоење на вакви претпријатија. Оттука се смета дека со предлогот да се брише овој член ќе се спречат манипулациите и прикривањето на добивката а со тоа и данокот на добивка во Републиката. Оттука сметаме дека нема основ да постои ваква одредба во Законот во однос на член 6, бидејќи такви претпријатија во Република Македонија нема.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој закон се прави да важи за неопределено време, независно од тоа какви облици на претпријатија моментално имаме во Македонија. Ако сега нема, нема ни да има таков обврзник. Меѓутоа во иднина може и да има, ќе важи тогаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман,затоа што се упушта во работи кои не мора да се регулираат со закон, туку со подзаконски акти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.:

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување член 9 поднесен од пртениците Душан Трпчевски, Доста Димовски и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот не се прифаќа. Во членот 10 убаво стои: "расходи кои се потребни за обавување на дејноста". Воопшто не се исклучува сите тие што се додаваат, само се оптоварува текстот на членот. Инаку и во законот за сметководство наведени се кои трошоци влегуваа и сите тие што се во амандманот влегуваат и се подразбира. Само не е потребно во законот членовите да бидат така оптоварени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Нема да го цитирам амандманот, само ќе го искажам образложението што беше целта на поднесувањето на ваков амандман. Сметаме дека примената на предметниот член 10 не е применлива од повеќе причини. Прво, расходите се утврдуваат по Законот за сметководство со кои се врши класификација и евидентирање на сите расходи. Со членот 10 треба да се утврдат точно кои расходи евидентирани во билансот на успехот не влегуваат во дополнителниот биланс. Ваква формулација дозволува манипулација и злоупотреби од страна на контролните органи и доведува до голема несигурност на даночните обврзници. Инаку по правило прописите за даноците мора да бидат прецизни и јасни. На пример такви расходи се донаторства и помошти на спортски, научни, културни, здравствени и други манифестации дали тие како, расходи треба да се оданочат. Што се однесува до ново предложената содржина на 7 членот 10 таа поаѓа од следното. Со одредбата на Законот за сметководство е дадена слобода на даночниот обврзник во поглед на утврдувањето на висината на овие расходи, односно во Законот за сметководство е пропишан минимумот

минималниот износ на тие расходи, или тој износ не се утврдува, а е дадена можност на даночниот обврзник тие расходи да ги зголемува со своја одлука. Ако даночниот обврзник може тие расходи со своја одлука да ги утврдува, или зголемува, тој со таа своја одлука и директно одлучува за висината на добивката, а со тоа и со висината на данокот од добивка. Таквата можност придонесува за прикриваше на данокот од добивка. Затоа, дефинитивно и во овој закон се афирмира даночниот биланс како што тоа се прави во земјите со пазарно стопанство. Секој субјект прави два биланса и тоа деловен биланс, биланс на успехот за потребите на субјектот и даночен биланс за потребите на државата. Тие биланси се разликуваат по висината на расходите, приходите и добивката. Субјектот е сигурно заинтересиран во својот биланс на успех да покаже помала добивка од повеќе аспекти, па и од аспект од данокот од добивка. Затоа, за државата прави даночен биланс кој се разликува од деловниот биланс по тоа што некои расходи и приходи во тој биланс државата не ги признава како расходи во даночниот биланс. На овој начин се спречува прикривањето на данокот. Тоа го правиме и со овој наш амандман, во функција на државата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Излагањето во врска со нормирањето на расходите, потребата од нормирање на сите видови расходи држи. Меѓутоа, и амандманот што се поднесува пати од иста слабост. И таму не "Дава некакви квантификации за висината , туку ги реди кои се, а редени се во законот за сметководството сите тие. И затоа во членот 8 викаме добивката претставува разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно прописите за сметководството. Кога сме го донеле тој закон сме ги навеле сите

видови, а овде имаме ние квантификации каде што е потребно. Меѓутоа, материјалите за изработка не можат да се нормираат, на пример кожата за производство на чевли стандардите се познати, и никој нема интерес да троши дупло повеќе кожа бидејќи тој сам не е заинтересиран, не може да конкурира на пазар. Според тоа, не е можно да оди секој елемент и овде да се стандардизира, да се нормира, ниту амандманот тоа го прави. Самиот амандман исто не го прави тоа. Според тоа, не се решени дилемите за кои станува збор во образложението што го читаше господинот Стефковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 10 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот ан Владата се се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во предлогот на законот овој член има четири става. Со амандманот се предлага уште да се детализираат. Ништо не спориме суштински туку се она што се сака да се внесе во овој член може и треба да се уреди со подзаконските акти кои се вообичаени и досега во

финансиите, дека мора за сите тие да се даваат и упатства од Министерството за финансии. Ние во досегашното искуство да ве информирам СОК досега даваше за секоја позиција разни упатства и за корисниците на општествените средства беа со сила, законска сила, мора да ги применуваат. Додека не излегуваат тие упатства не го применуваа ни законот. Значи текстот на членот уште повеќе се комплицира со материја која исто така треба да се уредува со подзаконски акти и ништо друго Инаку не се спорни тие прашања, треба да се уредат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 12 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДЛНИ:**

Мотивите да се брише овој член се исти како оној првиот амандман што беше. Точно е дека денеска немаме такви облици на субјекти, меѓутоа, во законот не пречи да стои доколку ни претстои донесување на закон за трговски друштва итн., да нема пречки да ги додадеме тие облици. Инаку вистина е дека сега засега немаме такви облици на субјекти. Ние треба да поаѓаме од тоа во овој закон, некои облици што

моментално ги нема и да се бришат од законот. Можно е да ги има во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не го прифаќаме амандманот затоа што и овој член ќе биде оптоварен со поими кои сега кај нас се употребуваат, не мора во иднина да бидат, колективни договори итн., ниту се исклучува нивната примена. Ако бидат со таква правна сила тие ќе бидат применети и овој член не пречи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, поткрепа за овој амандман наоѓаме во следното. Во сите земји со пазарно стопанство постојат колективни договори со кои се одредува и висината на плати Во даночниот систем на тие земји платата во даночниот биланс се утврдува со даночни прописи, а не со одлука на даночниот обврзник. Со

одредбите на законот за сметководство висината на платата како расход се утврдува со одлука на правното лице. Бидејќи висината на тој расход зависи од правното лице тоа може тој износ да го зголемува или намалува, а преку тој износ да ја зголемува или намалува и добивката, а тоа значи да го зголемува и намалува со својата одлука и данокот од добивката. Таква можност за политика или манипулација со висината на данокот од добивка не содржи ниеден даночен систем во пазарното стопанство. Таквата можност е дадена и во сегашниот закон за данокот од добивка на што ние укажавме барајќи да се промени тој закон кој овозможува огромни манипулации и прикривање на данокот од доход во 1993 година. На пример. Ако претпријатие има приходи да претпоставиме од 100 единици, а расходи од 50 единици, ќе има добивка на крајотд50 единици. Ако претпријатието сака да не плати данок од добивка ќе ги зголеми платите за 50 единици поради што нема да биде искажана добивка, а со тоа и нема да биде платен данок од добивка односно ќе биде скоро искажана и загуба, или нивелирана, ниту загуба ниту добивка. Тоа се направи во 1993 година преку големите плати се намали добивката, односно данокот од добивката. Од друга страна тој даночен систем мора да биде и правичен во поглед на оданочувањето што во конкретниот случај не е. На пример, ,да земеме две претпријатија едното монополско и добро претпријатие и претпријатие од земјоделието или текстилната индустрија. Двете претпријатија немаат направено исти приходи на пример, апроксимативно ЗИК Струмица има приход илјада единици, плати има 400, добивка има 600 единици. Од друга страна Макпетрол има приходи илјада плати има 1000 единици, добивката е нула. Примерот е хипотетичен и еднооставен и од него произлегува дека земјоделското претпријатие ќе има добивка заради ниски плати и ќе плати данок на добивка, а монополистичкото претпријатие заради високите плати.,нема добивка и нема да плати данок од добивка. Со тие

решенија се оданочуваат претпријатијата со ниски плати, а помалку или релативно се оданочуваат претпријатијата со високи плати. Со тие решенија помалку се оданочува и нестопанството, а тоа има и високи плати. Заради спречуваше на овие неправилности како и манипулации неплаќање на данок на добивка го предлагаме овој член. Или земете за пример приватно претпријатие со сегашниот закон на плати кој сега не се ограничени, со тој закон за данок од добивка тие сега ќе имаат можност со фиктивни зголемувања на платите да не плаќаат данок на добивка. Според тоа од овие причини со примерите што ги изнесов, односно го предлагаме овој амандман на член 14 да биде усвоен од Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за .молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 14 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 , за додавање нов став 2, по став 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Шабан Превала, по кои Владата не се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот предложен од пратениците Шабан Превала и Газменд Ајдарага Владата не го прифаќа. Материјата што се сака да се регулира во овој закон е регулирана со Законот за сметководство и овој закон не

може да го менува тој закон. Утврдено е кога се прави завршна сметка, кога периодична пресметка и таму исклучоци ниту има сега во тој закон, ниту некогаш имало, независно од природата на дејноста, сезонски. Имаме многу дејности што имаат сезонски карактер, земјоделие, туризам итн, меѓутоа вакви решенија во финансиските прописи не сме имале, ниту Законот за сметководство кој е донесен оваа година од овој Парламент содржи таква можност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Шабан Превала.

II/1 НН/ЛБ

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас морам да се согласам со министерот за финансии за образложението во врска со прописите што ја регулираат оваа материја меѓутоа денес конкретно регулираме еден проблем што е реален во животот и затоа со колегата Ајдарага се обидовме да понудиме едно решени што во животот фактички е проблематично и со тој проблем претпријатијата се соочуваат. Станува збор за еден вид партиципирање на издатоците на лични доходи за период за кој претпријатијата, специфични, сезонски не работат. За нив фактички деловната година не се поклопува со календарската година а Законот за сметководство тоа прашање го регулира на свој начин што календарската година ја изедначува со деловната година, што е факт. Меѓутоа, бидејќи се регулира конкретна материја и бидејќи во практиката се соочуваме со тој проблем и ќе се соочуваме ние предлагаме вакво решение. Во таа смисла е и вториот амандман на член 49 , но сега е амандманот на член 14.

Ние молиме да се прифати заради тоа што навистина, особено претпријатија од областа на башскиот туризам одреден период, обично од 1.1. до 31 мај не работат, а не работат а мора да исплаќаат лични доходи. Не работат затоа што сезона е, луѓето не одат на бањско лекување итн. а мораат освен фиксните трошоци и лични доходи да пресметуваат, да калкулираат и да ги товарат трошоците, издатоците од 1 јуни до крајот на годината.

До колку оцениме за оправдано ние мислиме низ еден практичен пристап на проблемот да го прифатиме овој амандман се со единствена цел да помогнеме и на таквите претпријатија порамнонерно да ги распоредат трошоците и да не бидат оптоварени и тогаш кога не создаваат доход и добивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20 пратеници)

Дваесет пратеника гласаа за, според кое констатирав дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Шабан Превала.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Овој амандман е повлечен. И амандманот за членот 25 е повлечен.

Во меѓувреме пратениот Тодор Петров поднесе амандман за менување на членот 22-а.

Амандманот за менување на истиот член го повлече.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 22 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот на господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Министерот требаше да каже зошто не го прифаќа, образложение да даде Амандманот се однесува на менување на содржината на членот 22. Според сегашниот предлог на Владата, исплатите по основ на стипендии се предлага да не се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс освен уплатите извршени преку општествени фондови (фондации).

II/3

Во расправата на Комисијата за буџет и финансирање поставивме прашање што Министерството подразбира под категоријата или формулацијата општествени фондации или општествени фондови. Лично сметам дека ваквата формулација не соодветствува на целокупниот правен систем заради тоа што ако употребуваме одредени категории тогаш униформно во сите закони треба да бидат применети и практикувани. Ние фондови подразбираме фонд за здравствено, пензиско, инвалидско осигурување, меѓутоа ваквата формулација општествени фондови е сосема нејасна и за мене лично не кореспондира со новиот општествено економски систем.

Според предлогот на Владата стипендиите односно исплатите по основ на стипендии ен би требало да влезат на товар на расходите на даночниот биланс.

Предлогот на амандманот се однесува на следното: исплатите по однос на стипендии за ученици, студенти и спортисти се признаваат товар на расходите на даночниот биланс.

За мене е признатливо ако и претпријатијата вршат исплати по основ на стипендии за студенти и ученици и спортисти и тоа да се признае на товар на даночниот биланс, како што беше досегашната практика', отколку тие средства да ги уплатуваат во некакви за мене, непознати општествени фондации и фондови за да тие општествени фондови одобрат и исплата на стипендии на ученици, студенти или спортисти признавајќи го тоа само како товар на расходите во даночниот биланс.

Сметам дека досегашната практика треба и понатаму да продолжи и затоа предлагам пратениците да го прифатат овој амандман.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Има место за расправа околу ова прашаше меѓутоа апелирам да се има предвид и моменталната состојба во нашето стопанство, со оглед

на тоа дека се наоѓаме во екот на трансформацијата на општествената сопственост. И да се даде еден таков вентил, неограничен неограничено стипендиите да се признаваат во расходи секој од вас може да претпостави што сега во моментот може да се случи. Особено во претпријатијата кои имаат пари . Во минатото беше така, меѓутоа имаше некоја регулатива, и имаше некои органи, имаше работнички совет, едноставно имаше поголема одговорност одколку да одлучува еден поединец. Моментално ние имаме , признале или не во уредувањето на односите во претпријатијата еден вакум и сме во фаза на транзиција. Еве што е предлогот.

Тие фондови на било кој начин да се конституираат со закон, или, евентуално, со такој друг надлежен државен орган. Значи, да има било каква контрола. Ако во Министерството за финансии, или на некое друго место , а таков закон може многу брзо да се донесе да се отвори врата одделни институции да формираат таков фонд и тогаш сите претпријатија кои ќе платат низ тој фонд, а тој фонд ќе има свои критериуми за тоа на кого ќе дава кредити, да е одличен, да е сиромашен итн, ние даваме можност тоа да биде овозможено, а не сосема без контрола затоа што сега реков каква ни е состојбата. Тоа е едно.

Ние имаме сега еден амандман од господинот, и се договоривме односно мислиме да се согласиме да додадеме нов став 2 и да се согласиме да го решиме прашањето на врвните спортисти. Тој амандман сега ни се дели, така да ќе можеме и врвните спортисти, пак како некој надлежен орган од областа на спортот во оваа држава ќе каже, а не кој сака да го прогласи својот син спортиста , па и да игра во општинска лига итн, тоа да остане како првото ние што го предлагаме и да остане во оваа фаза, за што мислиме дека задоволува. Не смееме таков член да

II/5

прифатиме од причините што ги изнесов.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас не знам зошто таков рестриктивен приод на Владата во однос на било која формулација со предумисла дека ќе биде нешто злоупотребувано. Камо среќа претпријатијата да стипендираат студенти, ученици и спортисти, камо среќа луѓето во овие општествено економски услови да имаат можности да користат стипендии за да го завршат или дооформат своето образование.

Меѓутоа, факт е и дека фондациите како фондации законски не се регулиран. Сега предлагачот, Владата под поимот општествени фондации или фондови ги подразбира само фондовите кои ги формира државата. Ги оневозможува претпријатијата , правните лица за да тоа не го злоупотребуваат. Дали може некој да забрани на општествено претпријатие или претпријатие во било каква сопственост да формира фонд или фондација , средствата да ги префрли на сметка на таа фондација и повторно општествените средства да финансира стипендии односно да дозволува стипендии на ученици и студенти. Може ли? Може.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ако е од добивката, а не од расходите.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да. И,затоа сметам дека за мене и формулацијата е не прифатил да. и ,дека би требало да се прифати предлогот исплатите по основ на стипендии за студенти, ученици и спортисти да се признаат на товар на расходите по даночниот биланс.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**

Вториот дел од излагањето. овој закон тоа не го уредува. Кој сака од својот имот, од својата добивка да дава суми со ниеден закон не е забрането ни на поединци ни на правни лица. Овде уредуваме колку тоа ќе се признае во расходот, за изнаоѓање на добивката и за плаќање на

II/6

даноци. Според тоа никој не мисли некому да му забрани целиот свој имот, куќа и се да остави на некого. Прашањето на стипендиите на ученици и студенти кои ќе ги платат претпријатијата и што ќе се признаат во даночниот биланс како расход се расправа, а не дека со овој член е забрането да се формираат фондови од други извори на средства. Овде сакаме контрола, образложив за тоа, заради моменталната состојба за ради тоа што нема ни орган на самоуправување. Тој што е одговорен ќе даде стипендии на сите деца на свои роднини и кој со што ќе му брани? Било добро . Добро е, ама голема неправда е. Ако се формира таков фонд со закон, закон ќе донесеме и тогаш ќе оди преку тој фонд, и општеството, државата ќе знае дека на тоа има контрола. Да се дава имот, да се формираат фондови, било кој богаташ што воопшто не е забрането во цел свет, но не се во расходите на претпријатието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот за менување на член 22 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 22 поднесен од пратеникот Димитрие Поповски.

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Бидејќи најдов нова формулација на тој член која што може да помогне овој амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли друг амандман? кажете го тоа. Амандманот треба да го каже предлагачот.

II/7

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Амандманот гласи: на член 22 се додава нов став кој гласи " по исклучок на став 1 од овој член исплатите по основ на стипендии за врвни спортисти се признаваат на товар на расходите на даночниот биланс".

Образложението е кратко во смисла дека тоа значително помага на спортистите да ги обават неопходните подготовки.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа поднесениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со амандманот се согласи претставникот на Владата.

Го молам претставникот да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата се согласи со овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој. амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да"се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**

Владата потврдува дека го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стевковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

III/1.- СП/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман е во функција на еден закон кој исто така со г-диниот Стефковски го поднесовме, а тоа е Законот за јавно информирање каде еден дел од тоа јавно информирање е информирањето по пат на радиодифузни институции. Затоа предлагаме во членот 28 каде се определува стапката на данокот од добивката која изнесува 30% да има една додатна стапка од 0,4% по основ на данок од добивка од следните причини:

Знаејќи дека македонската национална институција за радиодифузиајта - МРТ се соочува со проблеми по основ на финансирањето односно на прибирање на средства за нејзино опстојување, одржување и унапредување на радиодифузниот систем кој до сега на некој начин тие средства се прибираат на собирање од секој оној кој има радио – дифузен приемник, а кој изнесуваше некаде 200 денари, на овој начин сакаме со овај амандман да и помогнеме на Владата на РМ во однос на нејзината Стабилизациона програма. Зошто? Затоа што сме свесни дека оние граѓани со најниски примања односно тука би ги спомнал земјоделците, тутунопроизводителите, еве гледаме луѓето штрајкуваат не можат на некој начин да ја добијат реалната цена

на својот труд, голем дел од тие земјоделци до сега имаа обврски за плаќање на радиодифузниот надомест од 200 денари. Ако земеме пример една пензија од 2.000,00 денари што ја има некој пензионер, 200 денари плаќање радиодифузен надомест е 10% од неговата пензија. Каде е тука електричната енергија, ако има парно греење, лекови итн.

Мислам дека Владата, пред се, би требало да реши еден ваков начин на решавање на финансирање на македонската национална радиодифузна институција затоа што предложениот амандман е во функција и на предложените амандмани во следните закони што се однесуваат на даночниот систем, а тоа се законите од персоналниот данок од доход и даноците од имот каде исто така имаме поднесено амандмани со кои се предвидува исто така 0,4%.

Зошто го велам ова? Затоа што, да повторам, свесни сме дека еве и Владата со еден предлог закон кој е во процедура на претходната седница што требаше да се одржи, предлага повторно да се исплаќа радиодифузен надомест во износ од 5,4% од просечната плата во стопанството на Републиката што значи дека некаде пак ќе дојдеме до некоја сума што секој што има радиодифузен приемник би требало да ја плака, а таа би требало да изнесува 210 или 220 денари. Исто така, и тоа ќе биде едно оптоварување, една несакана последица која што ако сме свесни само во Скопје до сега имаше над 60 илјади обжалувања од страна на МРТ во однос на неплакањето на овој радиодифузен надомест, тогаш сме свесни дека поголемиот дел од населението на чиј товар ќе биде издржливоста на оваа Стабилизациона програма, мислам дека на ваков начин ако повторно се плаќа  надомест за радиодифузијата тоа население нема да може да го издржи тој товар. Некому ќе дојдат 10 некому 15 некому 17% од нивните вкупни примања да одат за радиодифузен приемник

Да повторам ова е додатна стапка од 0,4% што секој даночен обврзник по основ на данок од добивка би требало да ја плати. Јас мислам дека тука и стопанството ќе си најде своја сметка. Зошто велам своја сметка? Знаеме дека сите тие стопански фирми на некој начин преку македонската национална институција односно МРТ имаат аргумент за утре наплакање на поевтини реклами затоа што МРТ е единствената која има покриеност на македонскиот радиодифузен просто] од 95%, а другите приватни радиодифузни институции ја немаат таа можност.

Кога се однесува до радиодифузијата мислам дека тука Владата, пред се, треба да води сметка и за заштита на Македонскиот национален радиодифузен простор. Зошто го велам ова? По основ на финансирањето на МРТ и изнаоѓање начин на целосно финансираше, г-дине Бојковски ако ви пречи сослушајте ме, сигурен сум дека сте културен човек, директор сте, пред се, од Куманово, па сослушајте ме, ќе завршам, па потоа дојдете на оваа говорница. Ваше право е ако не сакате да ме слушате излезете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само вие продолжете, немојте, Ве молам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа велам дека во функција ќе биде секој стопански субјект нема да се противи на оваа додатна стапка од 0,4% во однос на данокот од добивка затоа што ќе има една радиодифузна институција каква што е МРТ која покрива над 95% од македонскиот радиодифузен простор. Тоа ќе биде од обостран интерес и во интерес на македонската нација и држава затоа што свесни сме дека решавањето на начинот на финансирање на МРТ придонесува да имаме во Македонија еден

радиодифузен хаос кој задира дури и во основа на Македонското културно богатство свесни сме за тоа, од странските земји што не опкружуваат што бесплатно им се делат касети и други работи на одредени приватни радио станици или телевизиски станици за да се уништува македонскиот културен простор.

Мислам дека Владата би требало да размисли, ова е дел од начинот на постојаното финансирање на МРТ, овие 0,4% што ги предлагаме од данокот на добивка да биде целокупниот данок од добивката 30,4%, меѓутоа, со строга намена на овие 0,4% за МРТ. По основ и на другите амандмани што ги имаме поднесено по основ на другите два закони од даночната сфера, кога ќе дојдат на ред ќе си го искажам своето мислење и тоа е начинот на еден начин МРТ трајно да ги реши своите финансиски проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Г-дине Стојков, јас да бев правник и да сакав овој амандман воопшто немаше да го формулирам чисто од правна наука, а јас ќе зборувам и за финансиската наука.

Дами и господа членот 28 гласи: "стапката на данокот од добивка изнесува 30%". Рековме..за сите дека имаме пропорционална стапка. Да се предложеше овде амандман дека стапката е мала, треба да биде бројката 30 да се замени со 30,4 правно ќе беше во ред, но да се додаде на овој член нов став кој гласи: "за одржување и унапредување на радиодифузниот систем во РМ стапката на данокот од добивка изнесува 0,4%." Насловот на Законот е Закон за добивка. Сите даноци и овој Закон

што го пропишуваме е за одржување и унапредување на сите буџетски корисници. Меѓу другите во буџетските корисници знаеме со години имаме расходни ставки и за средствата за јавно информирање и за радиодифузниот систем. Со овој Закон не се прејудицира и кога го донесувавме Буџетот овој Парламент одлучи за таа намена да има и повеќе отколку што дава стапката 0,4%. Меѓутоа, во финансиската наука кога се пишуваат закони за даноците не е дозволено да се насочат приходите на даноците, туку да дојдат во Буџетот, а Парламентот го распоредува Буџетот кому сака и на радиодифузните и на другите. Ако сите закони и сите членови овде од корисниците на Буџетот почнуваме да ги делиме по проценти, го правиме она што со усвојувањето на Буџетот го направивме. Значи, не е потребно на тој начин да се уреди финансирањето на одделни корисници на Буџетот. Сме прифатиле таков и да го информирам г-динот Стоиле Стојков и тој Закон на градобијнсот престанал да важи, тој не е на сила, понатаму ќе имаме такви видови насочени приходи за одредена намена. Можеби денеска е потребно за радиодифузијата, можеби утре таа ќе се трансформира, па ќе биде во добивка и нема да има потреба од 0,4%, ако биде јавно претпријатие може да ни донесе и пари. Спрема тоа, во еден системски закон за добивка не можеме да додадеме такви детали оти од удараат од принципите на формулирањето на закони за даноците, независно што во моментот е добро да се зборува дека состојбата е тешка на тој дел делимично даночен корисник, а имаме и уште потешки кои се целосни данаини корисници. Овие барем можат да ги наплаќаат своите услуги.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Г-дине минситре јас се надевам дека сте стручњак и знам дека сте стручњак за финансии, меѓутоа, сакам да кажам една работа.

III/6.-

Данокот е јавна давачка како и другите јавни давачки. Владата има предлог надоместокот за користење на радиодифузните приемници корисникот на радиодифузнит приемник да го плака во висина од 5,4%. Ова вака предложено за мене од Владата на РМ е замена на тези. Зошто? Затоа што кажувате во системски закон не може да се орпедлеи намената. Затоа велеа ние не навлегуваме во таа стапка туку во овој данок од добивка сакаме да предвидиме една нова стапка како можно решение. Зошто да не може? Данокот на добивка изнесува 30%, а другото е строго наменско од 0,4%. друга работа е што во Буџетот се одредуваат корисниците на оваа стапка од 30% односно на сите оние приходи кои го сочинуваат Буџетот. Тоа е во ред. Меѓутоа, ние зборуваме за една од.\ука на Уставниот суд каде вели дека надоместок или како да го наречам е јавна давачка. Како ќе може да влезе во посебен закон, а да не влезе во Законот каде се даноците кои се исто така јавни давачки. Ние имам предвидено дека во топј Закон за јавно информираше што го предлагаме дека дел од тоа од 0,4% и од данокот од добивка без разлика дали стои овде, меѓутоа, дали ќе го уважиме тоа утре при распределбата или не? Затоа сакав врз основа на овој Закон да се определи,корисникот на овие 0,4%, без разлика што вие ќе ми кажете од науката за финансиите за која верувам, дека сте стручњак. Меѓутоа, овој проблем мора да се разреши. Не може, сакате да спроведете стабилизациона програма во овие услови каде 10 или 15% од нечии примања да одат на основ на надомест на раидиодифузијата. Затоа треба солидарност, ние сме социјална држава и даноците се еден вид солидарност. Данок плаќа оној што може, а оној што не може да плака данок е корисник на социјалата, а од овие даноци социјалата се финансира на некој начин Тоа е основата. Данок плаќа оној што може, оној што создал услови да плати данок, а оној што не создал услови тој

не е обрзан пред државата да плака данок, дури државата е обврзана да му дава надоместоци за социјала. Тоа е основата, а Владата во овој случај дава еднаков начин на финансираше на МРТ каде е една уравниловка не може така. Зошто не може? Затоа што не е секој даночен обврзник Се знае кој е даночен обврзник. Оној што е во можност да плака даноци. Затоа што државата му пружила поволности, заштита и тој е должен да и се оддолжи на државата. Меѓутоа, државата е должна исто така на секој граѓанин да му обезбеди опстојуваше во неговото живееше и не може да има урамниловка во однос на плаќање на радио - дифузниот надомест како јавна давачка, како еден вид данок. Без разлика што ќе ми одговорите, ако вие имате добра намера г-дине минстре се надевам дека на некој начин и вие самите ќе предложите ако не треба да стои во Законот, меѓутоа, во Буџетот Владата требаше да предвиди финансиски средства за оваа македонска национална институција, а не од секој граѓанин да прибира, тогаш доаѓа ако некој има дома во трпезаријата маса и 6 столици ќе треба и за тие да плака. Радиодифузниот приемник, дали е радио или ТВ приемник повеќе не е луксуз, тоа е сега неопходна потреба и на државата и е во интерес секое семејство да има ТВ и радио приемник, во интерес е на државата нашите граѓани да не потпаѓаат под туѓа пропаганда затоа што само државата најповеќе мисли за своите граѓани, а други држави нема да мислат за нашите граѓани толку добро.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво, јас сум имал прилика додека сум можел да потпишувам налози од буџети да се трансформираат средства за радиодифузниот систем освен претплатата. Значи, државата како социјална дава средства и Буџетот што го усвоивме имаше позиција во Министерството

за информации трансфери на други единици, па и на тие. Спрема тие, не е дека не дава. Дека не се доволни и јас се согласувам, меѓутоа, излегов само за ова, тоа што предлага Владата не е на дневен ред и ние ќе образложиме дека тој друг акт не е на дневен ред за трансформација на претплатата, а кога ќе биде тогаш и ако Парламентот се убеди добро, ако не нема да биде усвоено.

**ФАИК АБДИ:**

Јас им се извинувам на колегите пратеници што можеби сметаат за некомпетентно денеска да се разговара за оваа материја. Сакам да се произнесам по овој амандман, добро е што дојде време токму од таа страна да се предлага за националното рацио и ТВ на Македонија за подобрување на условите за работа, за признавање на еден факт дека таа МРТ направи многу нешто околу нашето признавање и живеење . Да го составиме ова прашање на страна. Јас сметам дека ќе мораме што побргу веднаш по Нова Година да седнеме да расправаме по материјалите добиени од МРТ , целосно да го разгледаме тоа прашање и да најдеме соодветен начин како тоа да живее, а не сега затоа овој амандман не би го прифатил сега.

**СТОЈАН АНДОВ: .**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

IV/1.- JJ/ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 28-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман зашто мисли дека не е сосема дефиниран субјектот за кој станува збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:.**

Субјектот за кого станува збор е сосема дефиниран во амандманот. Друго е прашање што Владата можеби нема предзнаење со кое би можело да се реализира една таква заложба која во расправата и по Нацртот и во Предлогот за донесување на законот беше искажано од повеќе пратеници.

Амандманот предлага за правните лица и физичките лица кои вршат регистрирана дејност а кои не се резиденти на РМ и вршат дејност од до областа на меѓународната трговија и меѓународните финансии како и оние кои вршат увоз наменет исклучиво за извоз, стапката на данок на добивка да изнесува 2,5%.

IV/2.-

Образложението се однесува за создавање услови и претпоставки имајќи ја предвид местоположбата на РМ да се искористат моделите и режимите на стопанисување како што многу други држави практикуваат и тоа за претпријатија што не се резиденти на РМ а за кои ќе биде утврден посебен режим на стопанисување. И во тие рамки се предлага стапката на данок од добивка на овие правни и физички лица регистрирани за вршење дејност наведена во овој член, да плаќаат данок на добивка од 2,5%. Јас не можам да сфатам зошто Владата исклучиво данокот од добивка го посматра од аспект на фискалната политика и ја посматра неговата фискална функција а не и развојната функција. Имајќи предвид дека со една ваква генерална определба можеле да се создадат предуслови за вршење дејност од областа на меѓународната трговија и меѓународните финансии како и на оние кои вршат увоз наменет исклучиво за извоз, пред се не резиденти на РМ, територијата на РМ за да стане атрактивно подрачје за странски вложувања. Пред се треба да се има предвид развојната функција на данокот, заради тоа што со создавањето на вакви услови за вршење на дејност кои би биле регулирано со закон или со посебна уредба на Владата имаме индиректни ефекти, пред се врз зголемување на приходите во Буџетот, а од друга страна ќе влијае со индиректни ефекти да се отвораат објекти за вработување на лица, да се наплатуваат даноци и придонеси по основ на вработување и тоа би влијаело трошоците што се заменети за разни социјални програми да бидат намалени од Буџетот. Сметам дека Владата треба да го прифати овој амандман исто така и пратениците

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии.

IV/3.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Пратеникот господин Тодор Петров ги навел и ги опишал некои облици на нерезиденти што вршат дејност на територијата на РМ. Владата не ги навела кои се тие, меѓутоа во член 33, став 2, предлага овој проблем да биде решен вака обврската за плаќање на данок од добивка му се намалува на правното лице и физичкото лице кое врши регистрирана дејност што не е резидент на РМ, во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓа по основ на вложените средства за период од првите три години." Ако му е 100% учеството значи 100% не плаќа, а ако му е учеството 80, за тој дел е ослободен. Владата не ги наведува дали се тие за извоз, увоз итн. Ако тие бидат вклопени во тој став, ова право ќе го користат три години. Да ве информирам, само за информација а не дека тоа било пресудно дека интересот за инвестирање во Македонија не е проблемот во стапката од данокот на добивката зашто таа е една од најниските туку други околности ќе доведат за интересот во инвестирањето. Сепак три години не е малку да биде ослободен од плаќање на данок од добивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Суштината на овој предлог кој по мое мислење не е доволен, треба нешто повеќе, понатаму треба да биде проучен без оглед од исходот на гласањето. Инаку тие предлози за паралелна економија овде. Беа дадени и треба да се добро проучат и како да се решат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точно е дека Владата го внесе во ставот 2 на член 33, меѓутоа тоа се однесува само за ослободување од плаќање данок на добивка под еднакви услови на стопанисување и за странските лица правни и

IV/4.-

физички што вршат регистрирана дејност, како и домашните правни и физички лица односно како резидентите на РМ. Овој амандман се однесува за нерезиденти - правни физички лица што вршат регистрирана дејност и тоа за областите што се наведени. Ја сметам дека предлогот не може да се подведе под став 2 на член 33. Кога го велам ова мислам на предлогот на амандманот. Условите за вршење на дејност и начинот на регистрирањето на овие правни и физички лица кои вршат регистрирана дејност нерезиденти на РМ, затоа и кажав во образложението, може да се уреди со закон дали за странски вложувања, дали со посебен акт или уредба на Владата или Законот за регистрација на правните лица во надлежните регистри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е точно треба да се уреди целата таа материја, меѓутоа не ќе може овде сега да биде решено. Тие предлози инаку ги дававме, само треба да биде одработено. Владата да го преземе и да го вработи како целосно комплетна материја.

Дали уште некој бара збор (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 28-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со овој амандман се предлага тоа што го образложив 3 да биде 5 години. Не го прифаќаме амандманот.

IV/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предложениот амандман е даден во функција обврската за плаќање данок од добивка и му се намалува на домашното правно лице и физичко лице кое врши регистрирана дејност во висина на сразмернито дел од добивката што му припаѓа на странското лице по основ н вложените средства за период од првите пет години, наместо 3 како што е предложено од Владата. Исто така во ставот 2 на член 33 се предлага обврската за плаќање на данок од добивка да му се намалува на правното и физичко лице кое врши регистрирана дејност, кое не е резидент на РМ во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓа и во основ на вложените средства за период од првите пет години наместо три години. Овој амандман е предложен за да се создаде една поголема сигурност на пласманите на оние кои сакаат да вложуваат во нови инвестиции, независно дали станува збор за домашни или странски правни и физички лица односно резиденти и нерезиденти на РМ и едноставно оној кој што ќе вложи ќе биде сигурен за еден подолгорочен временски период дека државата му обезбедува една стимулативна мерка за да можат инвестициите да бидат во поголем обем или во средства кои што содржат поголем органски состав на капиталот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 гласаа за)

IV/6.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 32 поднесен од Димитрије Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? Господинот Поповски.

**ДИМИТРИЈЕ ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, амандманот го поднесов поттикнат од дискусијата што ја водевме во Собранието кога расправавме за анализата на состојбите во спортот во РМ, каде што во анализата на Владата стои дека спортските објекти и нивните функции се на едно независно ниво. меѓутоа, имајќи предвид па затоа и додавам нов амандман, кој што вели "како и за изградба и одржување на спортските објекти на територијата на Република Македонија". Мислам дека на тој начин значително ќе се помогне материјалната основа за спортуваше во РМ. Имајќи, ги предвид согледувањата и сегашнава состојба на РМ, јас ја прифаќам сугестијата на претседателот на Собранието господин Андов ова нека остане како идеја наредната година, нека не биде сега и заради тоа го повлекувам овој амандман.

IV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен и не raсправаме.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од Комисијата за стопанство.

Еве ме известуваат дека и овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа поднесениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот се прифаќа и тој е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на В.ладата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа поднесениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека овој амандман е прифатлив од следните причини: Во практиката освен Законот за општествени организации и здруженија на граѓани, не постои друга законска регулатива за регистрација на разни агенции, центри, фондации, Коморски асоцијации, здруженија, организации и сл., домашни и странски кои би се регистрирале на територијата на РМ а би имале непрофитабилен статус односно

непрофитен статус. Имаме случаи кога одделни агенции центри и фондации од странство сакаат да се регистрираат, меѓутоа доколку би се регистрирале според законот за претпријатија како правни лица во надлежните регистри би има се утврдила обврска да бидат даночни обврзници на средствата што ги акумулираат за остварување на задачите и целите за кои се регистрирани. За да се избегне тоа често пати со овие центри, асоцијации, агенции, Владата или одделни ресорни министерства ги принудуваат да се регистрираат под законот за општествени организации и здруженија на граѓани, само и само да можат под тој основ како непрофитни асоцијации или организации да не им се пресметува данок од добивка на средствата со кои што располагаат или ги добиваат од странство.

Во практика веќе има регистрирано неколку агенции во Македонија кои учествуваат во финансирање на разни проекти и цели Има една агенција и за развој на земјоделството, финансирање директно од Владата на САД, меѓутоа, заради празнините во законската регулатива, Владата ги принудува да се регистрираат наместо како агенција за непрофитен статус, ги принудува да се регистрираат како здруженија на граѓани и тоа здруженија на странци. според Законот за општествени .организации и здруженија на граѓани за да се одбегне обврската на оданочување на средствата со кои што располагаат, а да ги реализираат проектите, задачите и целите за кои се регистрирани. Од тие причини се предлага од плаќање данок на добивка да се ослободат правните и физичките лица, агенции, центри, фондации, коморски асоцијации, здруженија, организации и сл. кои имаат непрофитен статус односно не вршат дејност заради остварување на добивка. На тој начин ќе се избегне досегашната правна празнина или досегашната практика, сите оние кои сакаат да регистрираат вакви социјации за да го одбегнат

оданочувањето на средствата што не ги користат за остварување на профит, да бидат регистрирани според законот за општествени организации и здруженија на граѓани. Ја сметам дека на ваков начин ќе им се помогне и на нив и на нас како држава за да одделни владини или било какви други агенции, да се регистрираат, меѓутоа заради правната празнина во правниот систем, да не ги малтретираме да се регистрираат според законот за здруженија на граѓани и по Законот за претпријатија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Членот и амандманот кој е даден на овој член е малку контрадикторен. Мене не ми е познато во Владата повеќе пати повтори господинот Петров дека ги тера или не ги тера , а мене не ми е познато кого тоа Владата ќе тера да се регистрираат така или вака. Ако некој е со непрофитен статус, тој нема профит, а профит и добивка се синоним. Тој не може да плаќа ни данок на добивка. Меѓутоа, веројатно станува збор за некој кој е со непрофитен статус а остварува профит. Само тогаш би имало овде место за тоа, доколку има такви проблеми, регистрација и сл., како и таков вид асоцијации кои се регистрираат, да не го оптовариме во никој случај овој закон со тоа. Тоа нека се реши со тие прописи и овој закон за нив нема да важи. Овде не би било рационално и не е јасно.

V/1 / ЛП/ ЛЈ

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:** (продолжение)

Значи, непрофитен статус, а има профит, се штити од плаќање и тука тоа не е доволно прецизно и нема потреба да биде во овој закон Ако има такви проблеми, мене не ми се познати, дека Владата не дозволува да се регистрираат вака, така , тоа веројатно ќе го разгледаме, а овде да не биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 5 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Иако дел од овој амандман е решен во членот 22 ми се чини дека по издржано ќе биде во членот 35 од Законот за данокот од добивка, каде што една можност за ослободување односно намалување  на обврската за плаќање данок во висина на средствата од добивка

вложени во заштита на животната средина и природата како втор став со иста формулација"на обврзникот му се намалува обврската за плаќање данок во висина на средствата од добивката, вложени за унапредување на спортот и шахот". Тоа е смислата на текстот на нашиот амамандманм и би сакал да го образложам.

Иако кажав дека делумно е разрешено за таканаречените врвни спортисти во однос на стипендии и др., ми се чини ако сакаме да имаме напредок во спортот и шахот во РМ ќе мора пред се искуството од таканаречените спортски нации да го земеме, а таму е масовноста во спортот која со одредена селекција понатаму со одредени резултати доведува до еден светски квалитет. За жал, такви услови за финансираше на спортот и шахот немаме, знаеме во каква положба се наоѓа цела држава и мислам дека една ваква одредба, која би требало и од социјалистичката партија да ја прифатат, се надевам, на некој начин би овозможило на некој начин финансирање на спортот од маалски спорт како што кажа некој тука па се до врвен спорт. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека и тој маалски спорт на некој начин вреди односно и во одредени населени места, да речеме Брвеница во Тетово имаме еден фудбалски клуб, Петровец, Скопско поле, Кадино итн., и тие луѓе преку финансирање да речеме на помали приватни претпријатија односно фирми кои ќе вложат, а не мора да вложат да ги плаќаат тие спортски туку да вложат во опрема итн., би придонеле со една селекција утре да имаме еден квалитетен спорт. Тоа не се однесува само на фудбалот да ја земеме атлетиката. Ако во атлетиката немате масовност, не можете да имате врвни атлетичари, тоа е вистина. Секој кој и малку се разбира од спортот, не мора да биде стручно, може да ги следи на телевизија спортските натпревари, ќе дојде до заклучок дека само. преку масовноста се доаѓа до квалитет.

V/3.-

Затоа, мислам дека Владата треба да размисли, една ваква обврска ако дава за вложување, средствата за заштита на нашата животна средина и природата, затоа што и таму како држава сме слаби, односно на некој начин тоа го решававме преку придонеси, мислам дека една ваква обврска би требало да овозможи и за шахот да речеме. Зошто за шахот? само преку масовност односно преку вложување во шахот ќе дојдеме не до 2 веле мајстори, интернационални мајстори или национални мајстори, затоа што шахот е спорт на интелектот. Ако ние како држава - сите велите дека сме мала држава, нема мели и големи држави туку има држави односно нации кои знаат да бидат нации и оние кои не знаат да бидат нации, како нација би требало да се залагаме на светот да му се претставиме и во нашиот интелектуален домен а шахот знаеме дека, без разлика на образованието, е еден вид интелектуално претставување на нацијата. Мислам дека Владата би требало да размисли да го прифати овој амандман, кој е во функција на унапредување на спортот и шахот во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 35, за додавање нов став 2, по ставот 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Димитрие Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

V/4.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димитрие Поповски

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Овој амандман малку е тежок и задира во она суштественото, па за тоа веројатно не е прифатен од вас.

Меѓутоа, јас излегов да дадам едно образложение. Во што е разликата? Во образложението што го добивам од Владата зошто не го прифаќа овој амандман не упатува на истото образложение што е дадедно за амандманот на господинот Стоиле Стојков и Томислав Стефковски. Меѓутоа, јас мислам дека има значителна разлика меѓу овие два амандмани, бидејќи овој се однесува за меѓународниот спорт кој е од значаен интерес за Република Македонија. Тоа подразбира учеството на спортистите репрезентативци на Република Македонија на меѓународните спортски натпревари.

Во своето искажување на вчерашната седница јас укажав и кажав колкав број се тие натпревари што ќе учествуваат нашите спортисти во 1994 година, а буџетот што го усвоивме не ги покрива ни 20% потребите за Македонските спортисти.

Во оваа прилика сакам да ги потсетам пратениците дека ние донесовме заклучок на 67-та седница, точно кажан, кој се однесува на Законот за данок од добивка и е посочен членот 39, кога расправавме за актуелните состојби и проблеми на спортот на Република Македонија и трогаш оценивме дека не се повони и бараме решение за подобрување на оваа наша општествена дејност. Ќе ви кажам еден податок. Во моментот нема ниту една област на општественото живеење во нашата држава, која постигнува такви значајни меѓународни успеси со толку малку вложувања и со толку малку професионално вработен стручен кадар. Да не ве заморувам со податоци и да ви кажам дека на пример во

V/5.-

однос на Република Словенија која има 30 вработени само во еден спорт, кај на с во вкупниот спорт се базира на 30 луѓе професионално вработени. Зборувам само за оние непосредните производители, за тренерите, за стручната работа, не зборувам за администрацијата во спортот.

Оттаму, оваа област заслужува внимание, тоа веќе го оценивме и ова е конкретна помош за натамошната меѓународна афирмација на нашиот спорт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ештреф Алиу.

(потпретседателот Џеладин Мурати продолжува да раководи со седницата)

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот го подржувам од следните причини:

Република Македонија веќе успешно чекори по патот на меѓународно признавање и афирмација на своја мирољубива политика и има потреба да ги рекламира своите демократски принципи на дејствување Свесни за сите тешкотии, свесни за сета сиромаштија која ни е присутна во Републиката, во овој миг треба да се покаже повисок степен на флексибилност за потребата на спортистите, уште динар плус т.е. подарен денар од симпатизери на спортот и љубители на спортот и луѓе кои со некој вид од многуте на спортот се и душевно поврзани.

Јас во принцип вршам усилби да ја сфатам позицијата на Владата која во принцип треба а се поддржи. Ако тука се направи една отстапка, барем до едно долгендо време, чинам дека ќе направиме куќен чекор.

V/6.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Љубисав Иванов

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Мислам дека ова е правиот амандман кој треба да го поддржиме. Јас мислам дека и во Владата има доста љубители на спортот. Веројатно не навлегле малку подлабоко во оваа проблематика, меѓутоа, се она што би го направила нашата дипломатија со огромни потрошени средства и напори да ја афирмира нашата држава и нашиот суверенитет, со многу помалку средства тоа можат да го направат нашите државни репрезентации, нашите спортисти во светот со нивните настапи, со освојувањето на некои медали на олимписките игри, светските првенства и се она што значи натпревар во светот. Старо е правилото дека во спортот е здрав духот, ако има здрав дух има здрава снага, ако има здрава снага има и здрава нација па и држава.

Според тоа, јас мислам, па ве повикувам драги колеги пратеници овој амандман да го усвоиме, да овозможиме на нашиот спорт еден чекор и можност за неговиот развој и напредок, да им овозможиме на нашите млади луѓе да се докажуваат на спортско поле, а Вие знаете колку значи спортот за зближувањето ан народите и нациите, колку спорта стои пред политиката и честопати челични врати се пробиени. Спортистите тоа први го направија меѓу Америка и Кина. Според тоа, дајте да овозможиме еден дел во ова општество, многу значаен, да го поддржиме и да му овозможиме на еден начин да се развива.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Дами и господа, членот што се сака да се дополни со зборови гласи вака ве молам, ние стручно не можеме да дозволиме такви работи.

"На обврзникот му се намалува обврската за плаќање на данок во висина на средствата од добивката вложени, инвестирани за заштита на животната средина и на природата". Овој член не може да се дополни таму се вложувања да се заштити природата, инвестира, јас прв пат слушам во закон сега да ставиме не спорт туку меѓународниот спорт и ако тие луѓе наши кога одат станува меѓународен спорт, истите што се тука. Ако тие се големи спортистки овде, тие се автоматски меѓународни спортистки, бидејќи штом излегуваат од граница тоа се вика меѓународен спорт. Законот за данок од добивка да се оптовари со таков поим, јас можам сега еден час да зборувам за потребата од развој на спортот, за луѓето, за младите, јас каде живеам? Меѓутоа, овој член апсолутно нема врска со тоа да се додава.

Прво, овде се работи за вложување. Ние рековме дека ќе се даваат стипендии на спортистките директно. Тоа е автоматски инвестиција бидејќи спортот на крајот на краиштата се сведува на тоа да има спортисти. Сега овде зборуваме за вложувања. За какви вложувања во меѓународен спорт? Да градиме стадион во Мадрид или каде сега? во Њујорк ли? Како овој поим да во несеме сега? Што пречи спорт, туку сега пак меѓународен спорт. Ако градиме објекти овде во спортот автоматски ги подготвуваме луѓето што ќе одат на меѓународен спорт. Според тоа, воопшто не му е место на членот тука. Јас зборувам стручно, а не сега предавање колку е корисно да бидеме сите спортистки. Сигурно дека со тоа се согласува во целина, но овој член со таа работа нема врска. Инвестициони вложувања за заштита на природата. Во никој случај не може да се вметнат тие зборови во овој член.

**ЏЕЛАДИН МУАТИ:**

Има збор пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ако сакаме да ја карикираме целата работа и да измислуваме одбранбени системи, тоа можеме да го правиме колку што сакаме,

V/8.-

меѓутоа се поставува прашаше дали сакаме на спортот да му помогнеме или не. Па како нема инвестираше во спортот? Во годините што изминаа огромни инвестиции вложивме во спортот. Денес тие инвестиции треба да се одржуваат изградивме големи стадиони кои се препуштени сами на себе и нема никој кој да ги одржува. Затоа, треба да ги ослободиме донаторите кои сакаат да вложат пари во одржувањето на тие стадиони од данок на добивка за тие величини за кои ќе вложуваат средства. Тоа не ли е инвестирање? Што е тоа? Или инвестиционо одржување?

Според тоа, не треба да се карикираат работи. Сепак, го молам министерот за финансии дека визави себе има сепак барем во најмала рака рамноправни луѓе кои знаат што зборуваат и знаат што предлагаат. Инаку, во спротивно не е потребен овде парламент и овие парламентарци ако тие сите знаења ги имаат во себе концентрирани и ако се знаат па не е потребно ние ништо во тој поглед да предлагаме. Јас знам и минатата година кога се расправаше буџетот и кога кажав јас дека во буџетот практично приходниот и расходниот дел не се урамнотежени дека приходниот дел е набиен, министерот во своите одговори меѓу другото беше изненаден за еден стопанственик такво прашање да постави, а јас погледнав околу мене, немаше други стопанственици, на мене се однесуваше, па еве се покажа дека тој буџет навистина е неурамнотежен и голем дефицит практично настапува заради тоа што ние го измисливме приходниот дел, а расходниот практично беше поголем.

VI/1.- ДВ/МЛ

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кога ние даваме одговори треба да ги цениме тие наши предлози. Не е тоа во правец некој да сака нешто да уќари овде, туку тоа е општ национален интерес. И тој општ национален интерес не може да биде само на еден туку треба да биде на сите нас. Според тоа ние треба сериозно да размислиме дали ќе поддржиме една нација која е спортска или и тој домен што сме го постигнале во спортот со рестриктивна политика ќе го елиминираме.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво одговор на ова прашање за дефицитот, што е вистина дека сум рекол така, само имам докази дека прв сум се залагал дефицит во буџет да има. Меѓутоа минатата година и оваа година не е исто. Кога минатата година сум рекол дека не е можно тоа е затоа што ние не сме имале приходи да му предложиме на Собранието да го покрие дефицитот, туку расходите сме ги димензионирале толку колку што сме имале приходи. Годинава господине Иванов е сосема друга ситуација. Ние предложивме и од каде дефицитот ќе се покрие и мора да се прикаже. Има стенографски белешки во Владата и можете да проверите кој прв се залагал и рекол, ако Германија има 58 милијарди ДМ дефицит како може Македонија да нема дефицит. Значи дефицит сме имале и тогаш. Ние меѓутоа не можевме минатата година да го прикажеме во буџетот затоа што на Парламентот треба да предложиме од каде ќе се покрие, а годинава беше друга ситуацијата.

Сега вие поминавте на одржување на спортските објекти. Амандманот е за меѓународниот спорт. Па ова е закон. Не може така на кој како ќе му текне така да го толкува. Јас не знам што значи тој поим меѓународен спорт, а знам што значи одржување и изградба на спортски објекти на територијата на државата: одржување, тренирање на

спортистите, меѓутоа тоа не е меѓународен спорт. Вие ги помешавте работите.

**ДИМИТРИЈЕ ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам што излегувам по втор пат во одбрана на овој амандман.

За мене е несфатливо да не се разбере дека има и мора да има вложување, не како вложување во спортот, до колку сакаме да напредува. Не спортуваме заради спортување меѓусебно во рамките на Република Македонија. Тоа е разликата господине министре, туку спортуваме да ја афирмираме нашата држава надвор од овие рамки. За тоа има голема разлика. Меѓународен спорт е тоа. Меѓународниот спорт е натпревар на спортистите од Македонија надвор од нејзините граници и тоа е вложување во тоа. Мора да има вложување.

Членот 22 овозможува само подготовка на спортистите на Република Македонија да можат да настапуваат на меѓународна сцена, а ова е овозможување за нивно излегување надвор. Вие добро знаете, не може да се покријат средствата покриени во буџетот за таа намена Секаде во светот, во оној западниот, во овој момент, морам тоа да ви го напомнам има два начини на финансирање на оваа дејност. Или државата стои целосно зад целокупниот спорт и внатрешен и меѓународен, како што е тоа случај во овој момент во НР Кина и во Куба или како што е тоа на Запад. Ова е дел како што е тоа предвидено на Запад. Има вложувања ако сакаме развој и ако сакаме напредок на нашиот спорт. Затоа господа пратеници јас ве молам за ова расправавме, уште еднаш ве потсеам и на 67-та седница и донесовме ние таков заклучок, се обврзавме ние пред спортистнте и спортските работници на Република Македонија дека како Собрание сме спремни да и помогнеме на оваа дејност. Јас на тоа ве потсетувам и ве молам да го прифатиме овој амандман.

VI/3.-

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас во целост го прифаќам амандманот, но недостатокот во амандманот, веројатно е и во право министерот да се каже што се подразбира под учество во меѓународните спортски настани. Едно е вложувањето во спортски објекти а вложувањето во спортски работник е друга работа. Јас би бил среќен ако имаме можност да учествуваме со влог во изградба на некој објект, како што е и во Њујорк, како што е кажано тука во некои од нашите објекти

Што ќе добиеме со таква инвестиција ако немаме спортисти.

Прво, тука тенденцијата на предлагачот е јасна, чисто за афирмација во меѓународниот спорт,на квалитетниот меѓународен спорт. Значи веројатно недостига само реченицата "квалитетен меѓународен спорт". Идејата е тоа. Но олеснувањето на обврзникот при вложување е веројатно подалеку. Веројатно во целата оваа глава не постои уште нешто, олеснување и при вложување на културни настани. Не е се исто кога една Македонија учествува на едно биенале во Венеција, во областа на уметноста па да немаме кој да инвестира. Сигурно тука не инвестира во музејот итн., инвестира во самиот уметник. Исто така не е сеедно ако некој од областа вложува во настани од областа не само од културата туку малку и пошироко, од областа на науката, што ние сигурно немаме услови. Но, тука треба директно да се насочи, само веројатно Владата ако има разбирање, со мала корекција на амандманот, веројатно и предлагачот би се согласил, до колку стои во квалитетниот меѓународен спорт. Зошто не е сеедно кога ќе се учествува со една кошаркарска екипа само да се учествува а да изгубиме со 50, 60 или 100 разлика зошто по клуч се""учествува во меѓународен спорт тука е во право министерот, а кога треба да учествува некој атлетичар, пливач или некој квалитетен борач итн. тука веројатно треба да се потенцира квалитетниот спорт во членот 35, а може и посебен член. Не

знам јас  Владата и предлагачот како го немаа предвид ова. Веројатно предлагачот го сфати само во областа на вложување, т.е. во инвестиции во спортот. Такви инвестиции како што кажа еден наш колега пратеник има во Македонија во спортот, само нема инвестиции во спортистите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Очигледно сите во спортот се разбираме без разлика кој како учествува, но интересот е секако присутен кај сите максимално да се помогне во оваа област која е значајна и за афирмацијата на државата и за младата генерација. Меѓутоа имајќи го предвид пристапот што го ставивме во самиот закон, мислам дека доследни и консеквентни треба да бидеме на она што веќе и го направивме во почетната фаза. Овде малку ги мешаме поимите, се согласувам со господинот министер. Имено вложување во меѓународен спорт не може да значи она што веројатно некој сака да го протолкува. Пошироко тоа значи вложување во човекот но тоа е слободен израз, па се знае што значи вложување.

Второ, бидејќи ние се прифативме за еден рестриктивен пристап во регулирањето на сите овие прашања од една страна, а од друга страна веќе прифативме на планот на меѓународната спортска активност посебен третман да дадеме на тој закон, јас би му сугерирал на предлагачот на овој амандман една модификација. Имено, првиот став да си остане како што е и тука да не се мешаат едни со други работи. Понатаму да се оди со втор став на член 35 што би значело "на обврзникот му се намалува обврската за плаќање на данок во висина на средствата од добивката вложени во финансирањето на настапот на нашите спортисти на официјалните меѓународни натпревари односно во

нивното организирање во земјата". Ќе се сложи и господинот Поповски не можеме да финансираме и да му дадеме третман на меѓународен третман или такмичење до колку учествува Македонија, Србија и Бугарија и тогаш добива меѓународен третман во Скопје кој што голтаат огромни пари а никаква функција тоа практично нема. А се согласувам дека ниедно европско светско меѓународно и балканско натпреварување не треба ние да изостанеме од таков натпревар.

Веројатно господинот Поповски ќе потврди ваквата формулација значи дека ќе се финансира само оној спортист кој ќе ги исполни условите и критериумите што СОФКА и Олимпискиот комитет ги утврдуваат за можност на учество на тие натпревари, како што некој од колегите рече не можеме ние да партиципираме во некој спорт каде што 10 0 спрема еден ќе биде и каде не дискредитира и како нација и како спортист. Според тоа до колку ги исполнуваат условите, оние критериуми што ги потпишува Олимпискиот комитет и СОФКА на Македонија, а тие се во согласност со меѓународните стандарди, а тоа се мал број на спортисти, без разлика што викаме ние многу, мал број спортисти во одреден број спортски дисциплини, мислам дека нема да биде големо оптоваруваше до колку тие влезат односно потполно бидат ослободени.

Второ, до колку такви меѓународни, светски и европски натпревари се организираат во Републиката, исто така мислам дека треба да бидат ослободени организациите од добивката бидејќи такви натпревари барем хронолошки гледано во Републиката во последните 20 години дали се четири-пет одржани. Според тоа, тоа од директно на афирмацијата на државата, а самото одржување на тоа европско светско или меѓународно такмичење во Скопје исто така значи голем приход на Републиката преку учесниците кои учествуваат во тие натпревари.

Со тоа би сугерирал на предлагачот, до колку прифати, како втор став на овој член да се вака прецизира или до колку претставникот на Владата се согласува можеме заедно со предлагачот да формулираме еден ваков рестриктивен пристап јасно определен за која намена ќе бидат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

И моето залагање е во смисла на претходниот пратеник заради тоа што можеби амандманот создава некои непрецизности во формулацијата, а би требало после ставот 1 во членот 35 да се додаде нов став 2 кој би гласел: "На обврзникот му се намалува обврската за плаќање на данок во висина на средствата од добивката наменети за финансирање на учество на спортисти од Република Македонија на меѓународни спортски натпревари".

Образложението е дека после поширокото меѓународно признавање на Македонија и членство во соодветните спортски асоцијации на Републиката во соодветните меѓународни евидентна е потребата за финансирање учество на екипи на овие меѓународни турнири, првенства и натпревари.

Во недостиг на средства во буџетот заради учество во овие меѓународни спортски активности разните спортски асоцијации се упатени своите екипи да ги спонзорираат од претпријатија. Овој став би бил една дополнителна стимулативна мерка за оние правни или физички лица кои вршат регистрирана дејност во Македонија, кои што дел од добивка а би ја насочиле за финансирање на учеството на спортисти од Република Македонија на меѓународни спортски натпревари;

VI/7.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас се извинувам, сигурно и господинот Стаменов ќе го прифати ова што сакам да го предложам. Очигледно ниту имаме кворум. Меѓутоа да потсетам во ова Собрание како членови, односно како пратеници од повеќе пратенички групи имаме таканаречени спортски работници па тука би потсетил дека господинот Тито Петковски е член на Македонскиот олимписки комитет од СДС, господинот Ештреф Алиу од ПДП исто член на Македонскиот олимписки комитет, господинот Љубосав Иванов е претседател на Фудбалскиот сојуз од Социјалистичката партија, па предлагам 15 минути пауза. Очигледно е дека сите сакаме да му помогнеме на спортот, некој повеќе некој помалку, меѓутоа имам една намера да му помогнеме на спортот во Република Македонија. Координаторите на пратеничките групи или овие господа што ги набројав да седнат за 15 минути да го формулираат и со претставникот на Владата, како ќе изгледа овој амандман или може Владата да го поднесе и да го разрешиме ова прашање.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас се извинувам немам исто мислење со колегата што кажа дека јас истото го мислам. Јас сметам дека ние дискутираме за јавна давчака која се вика данок од добивка. Не дискутираме за распределба на средства и за афирмација на македонската држава.

Пред неколку дена ние донесовме Буџет во кој димензијата на Буџетот и вредноста на нашиот Буџет е една милијарда долари. Целата оваа дискусија се во и само како и на кој начин да се избегнат давачките спрема државата Тоа е целта. А има како. Ние сакам да финансираме врвен спорт. Половина посто или 1% од милијарда долари е доволно да може контролирано тоа да се финансира и помага. Меѓутоа не е целта на

сите овие колеги што овде дискутираа тоа. Целта е како да избегнат да не се плаќа данок од добивка. Ако е тоа целта, инаку ако се малку 30% ќе кажеме јавната давачка место 30% ќе биде 35%, но во Буџетот. Овде ќе се каже структурата на таа добивка ќе се дели, на тој толку, на тој толку и еве пари. Ние досега не сме донеле таков буџет во таква големина од една милијарда долари. Ако е тоа малку, а не се овде министрите и замениците од развојот и планирањето кои ќе ни кажат дека ние едвај димензионираме национален доход од милијарда и 700 милиона долари. Колку чекаме во 1994 година да оствариме, а зафаќаме за јавна потрошувачка една милијарда. Па дајте од таму да се издвојат средства за овој врвен спорт, не од ова тука. Залагањето е, за тоа.

Јас воопшто не се залагам и не го поддржувам амандманот.

Овие закони што сега ги носиме што им е целта: прво да ги задоволиме барањата на меѓународните институции за да стекнеме услови да се јавиме кај нив и второ, тоа се усогласени со целокупните буџети и другите акти. Било кој параметар да го нарушиме ние создаваме расчекори. Ние мораме да бидеме свесни за тие работи ако сакаме да донесеме политика ,која ќе даде резултати во наредниот период, а ако сме ние претставници ние мораме да се изјасниме, или сме претставници на Македонија и на Македонскиот парламент, или сме претставници на одредени приватни и други фирми на кои сакаме да им го прикриеме приходот. Од тие причини јас воопшто не се согласувам со таков приод. Без разлика за што се работи.

Еве на пример за телевизија ние прво мора неа да ја прогласиме за македонска телевизија а после тоа да определиме јавна давачка за телевизијата и висина на давачката, а Парламентот ќе определи кој ќе ја собира. На тој начин се решаваат тие прашања а  не на тој начин ние со

часови дискутираме зошто и дали требало за врвниот спорт. Врвниот спорт ќе си добие пари од Буџетот, од државата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Џевдет Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАРЕДИНИ:**

Јас не знаев кој се пратеници се членови на Олимпискиот комитет, меѓутоа, јас зборувам пред Парламентот на Македонија, а не пред членовите на Олимпискиот комитет. Тие имаат свои ингеренции и ако некој од членовите на Олимпискиот комитет смета дека со ова се решава спортот, а јас вчера говорев дека јавноста сега мисли дека којзнае што одлучуваме и дека со ова е решен проблемот, финансирање на спортот. Дали ќе се јави пак до Влада колку пари троши од буџетот за зачленување во сите меѓународни олимпијади. Само за афирмација на македонската држава.

Сакав нешто друго да ви кажам, јас имам увид во некои други проблеми во оваа држава, а не само за афирмација на спортот. Оваа Македонија должи 1 милијарда и секоја година се зголемува на своите граѓани долгот. Кои од Австралија ги донел овде, во Македонија сме ги потрошиле за изградба на некои спортски хали преку банкарскиот систем. Таму сега синот умира, а ние немаме карта да му платиме да оди да го закопа. Лесно е да се држи предавање дека е спортот многу добар и ние Буџетот кога го усвоивме одевме од позиција, физичка култура, трансфер на другите агенции за спорт и тоа голем износ, не мал. Овој закон се вика закон за данок на добивка. Пратеници, според уставот, имаат право да предложат и други закони, Владата да даде мислење и да изгласа, повелете, имате право со Устав и предложете закон за финансирање на спортот. Ќе се дојде овде, ќе расправаме и кој предлага тоа, предлага извори на средства.

Овој закон ако во членовите 32,35,22 има за спортот, тој не е закон за данок на добивка, туку е закон за начин на финансирање на меѓународниот, врвниот, квалитетниот и не знам веќе кој поиме стандардизирани. Домашниот, стадионите итн. Ние, Владата наиде на разбирање при утврдување на расходите кај стипендиите. Значи, сфативме, се исклучуваат, не мора да одат преку тие фондови со закон туку директно. Но и за тоа веројатно ќе треба некој надлежен орган, меѓународен олимписки комитет да кажува, а не кој што сака тој врвен спортист да добие стипендија и да му се признава. Не може овде овој закон да послужи како повод за такви расправи. Имаме врвни уметници, талентирани, што меѓутоа и нив треба да ги внесеме тука. Зашто и тие ја афирмираат културата на македонскиот народ, па и на другите. Потоа имаме пеачи, талентирани пеачи итн., сега нема од нивните здруженија пратеници и тие ќе останат без застапник на интересите. Ве молам, има.120 пратеници Македонскиот Парламент и ги застапувате сите, а не само таму каде што сте моментно членови. Утре пак пратеник можеш да бидеш на друго место член.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Прво и основно вложување во спортот имало, има и ќе има. Работата е да се ослободи тој што сака, дел од својата добивка да ја вложи во спортот , да се ослободи од плаќање обврска, данок по основ на добивка. Вие кажувате дека во овој член 45 не може да влезе тоа. Па што е заштита на животна средина и на природата. Средствата вложени од добивката, па исто се работи за средствата кои треба да се вложат вгз спортот. Кога јас предложив претходно не го усвоивте и за шахот.

Зошто сега мешате пеачи, зошто мешате уметници. Па знаете дека државата на тие уметници посебно во Буџетот се влезени и им плаќа одредени суми. Пеачите, исто така, заработуваат од друг основ. Во Македонската радио-телевизија исто сега земаат 5 луѓе и направија повторно една делба меѓу Македонците, овој пат меѓу македонските пеачи, овие пеачи се подобни, овие не се подобни, па само ние знаеме како Македонци тоа да го правиме. Сега ќе го делиме народот овој пеач нема да пее на телевизија, овој ќе пее. Сакам да кажам не треба да ги мешаме работите. Се работи за спортот. Ќе кажам само еден пример. Младинската кошаркарска репрезентација на Македонија, поради 7000 ДМ, ќе ме поправат ако е 12.000 ДМ, не отиде на едно Европско првенство. Знаете што значеше тоа за репутацијата еве оваа наша држава што треба да ја има. За Република Македонија се работи, не се работи за Југославија каде што го веea таму Југословенското знаме. Тоа сакаат некои господа, да нема оваа Република Македонија и преку спортот да нема своја афирмација. Да немаме афирмација кај шахот, а таа е најповеќе тука. Најгледаните емисии се преносите од светските првенства, од олимпијадите. Па погледајте и ќе видите дека најгледаните работи се тоа. А во услови на една рецесија во Македонија, барем Римјаните знаеле да кажат дајте му на народот леб и игри. А вие не му давате ни леб ни игри, па занимација да има народот да гледа спорт и да си ја преживее сиромаштијата што му следува во 1994 година. Мислам дека она што го предложив, без разлика кој што мисли, сите имаме право да имаме свое мислење, ред е овие господа што ги набројав пред малку да побараме пауза од 15 минути, тие се претставници на скоро сите пратенички групи овде, се истакнати спортски работници во Олимпискиот комитет, претседател на Фудбалскиот сојуз, меѓу нашите редови дајте да

се договориме на кој начин и како ќе биде формулиран овој амандман На спортот на Република Македонија како афирматор на Македонската држава и македонската нација му е потребна помош. Гледаме дека луѓето немаат основни средства. Па, вложувањата и во основните средства, еден дрес да му се купи, едни копачки да кажеме на еден фудбалер и тоа се средства. Во основите средства вложуваше нема кои да ги финансира државата. Државата не финансира. Многу малку има.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дннот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Изјавувам дека во ниеден закон во оваа држава не е забрането да се помага спортот. Кој има пари со ниеден закон не му е забрането да го помогне спортот и тој што ја сака Македонија. Ова е одговор на сите тие што сите кои имаат пари можат да го помогнат спортот без ниедно законско ограничување. Без плаќање данок, овде е данок на добивка и расходи утврдуваме. Секој кој има пари без данок може да дава на секого, па и на спортот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Толкувањето на министерот е од голема важност. На говорница ни еднаш не сум излегувал, чувствувајќи потреба да обезбедам некој параван. Ни членството во МОК не ми е потребно за да излезам на говорница. Доволно е од својство на пратеник. Ако работите не сум ги разбрал, јас сум пратеник кој многу се радувам некои да ми ги дообјасни. Дообјаснувањата на министерот, иако јас бев свесен дека во принцип

нешто не е вред, сепак, во образложението амандманот е вред. Во формулацијата , очигледно, е јасно во тоа што се бара да се менува дека не е така. Јас кога предложив за едно разбирање потполно мојата концепција ја сместив во ова последно толкуваше на министерот. Ако секој донатор , фирма , бизнисмен , одвојува средства за спортот и за тоа не плаќа данок, тогаш овој амандман нема потреба воопшто да се постави, под услов да е тоа така. Мојот ангажман е тоа, сметајќи дека љубителот поклонува пари, на тоа што поклонува, да не плаќа и данок.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас пак би кажал дека ние патиме од големи импровизации, како може да се размислува дека некој ако е донатор во исто време сака да ги избегне обврските спрема државата и сака да краде. Нема смисла за такви искажувања, кога донаторството во земјите со пазарна економија е во голема мера присутно, не само во спортот, не само во културата, туку во изградба на старачки домови, на градинки, здравствени домови итн. А тие процеси се толку јасни, толку е таа работа разработена, разиграна, да се знае се ослободуваат само оние пари што се уплатени и што се ангажирани, потрошени итн. и затоа дајте да бегаме од такви силни емоции и искажувања, кои не не водат кон решенијата. Секој данок и во секоја стапка на данок може. да биде присутно донаторството, не може да се каже, па зошто во данокот за добивка да биде, нека биде присутен во персоналниот данок. Не знам во некој друг данок итн., па во

секој може да биде присутен. Според тоа, никаде нема ембарго, за оваа врста на данок, не може за ова, може. Мислам дека тука треба кога разговараме да се служиме со светските искуства, со она што е присутно во пазарните економии, а не кој како што сака и кој како што мисли.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Враќајќи се на спорниот член , за мене е спорен 35-от член, бидејќи е толку нејасен со широко значење и без никакво конкретизирање на самиот член. Ако си дадете за право секој да го прочита, веројатно никој од нас не сакам ни да го прочитаме членот што е понуден овде, за мене може би министерот има друго образложение, а за мене со ваквиот член кој што ни е понуден се дава можност да се исполнуваат нечии желби, по желбата на министерот или по желбата на предлагачот, или по желбата на Владата. Дозволува злоупотребување на самиот член. Самиот член вели "плаќање на данок во висината на средствата од добивката вложени за заштита на животната средина и на природата е толку широк, што не знам некој од тука да може да го образложи. Даден е со вистинска јасна слика. Вложувањето во природата за мене претставува и ова што се случува сега со т.н. Палата на Македонија пред Собранието . Можеби утре или задутре ќе го ослободиме, бидејќи и тој ќе сече утре гранки, дрва, овој парк што постои е тука пред нас. Самото претпријатие ќе биде ослободено од некои стресови.

Понатаму, животната средина, јас не знам тука дали самото Собрание не припаѓа во таа животна средина, за утре да бараме ние ослободување од некој си данок. Данок на добивка од тоа Собрание. Ширината на самиот член е многу длабока, единствено прецизен е овде предлогот на предлагачот со амандманот. А се ова другиот член 35 е широк поим. Уште еднаш ќе повторам тој е нејасен, конфузен е прво и прво. Тука веројатно, еколозите можат подобро да го образложат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно овој амандман предизвика многу интерес, бидејќи навистина природата на областа што ја уредува побудува интерес на разни структури. Јас во принцип поведени од оваа дискусија последната сум за тоа да имаме закони со многу прецизни обврски за да не може да се толкува вака или поинаку. Значи, јасно недвосмислено да биде законската формулација, да му биде јасно и сфатливо на човек без правна наобразба и правна култура.

Ако е целта на членот 35 да ги ослободи од данок вложувањата во заштитата на човековата околина, односно на природата и човековата околина, веројатно, се знае со Законот за заштита на човековата околина што се подразбира потоа. Нема потреба овде да се внесе. Јас, пред се, пледирам да не создадеме со ниедна законска обврска можност, за изигрување на законот. Ако тоа не се прецизира, овој закон може на мала врата многумина да го изигруваат. Многумина можат да го изиграат, прикажувајќи дека тоа е тоа, и може да се подведе под тој основ, бидејќи тоа конкретно не може да се докаже. Не сум економист и финансиер, но мислам дека објектите од заштитата на човековата околина и природата, сепак се инвестициони објекти, кои што се градат

со однапред утврдена програма, потврдена инвестициона програма од надлежен орган и тие се конкретни објекти. Но, кога станува збор за вложување на спортистите многу е флексибилно и мислам дека е многу тешко тоа да се докажува, дека тоа е инвестиција во спортот. Тоа е првото.

Втората теза е дека никој било приватна фирма, било државна фирма нема да вложува во спортот да инвестира од алтроизмот. Бидејќи сака и да профитира. По кој основ ќе ги вложи парите во спортот. Ќе ги вложи по основ на пропаганда и реклама. За да може да ја афирмира фирмата повратно преку реклама, да си ја афирмира фирмата и да го зголеми доходот. Значи, целта е да си го зголеми доходот од вложувањата што се во спортот. А тоа се чини по основ на пропаганда и реклама која се одржува во член 20.

Друго прашање бидејќи ние поминавме преку тоа дали во тие 3% доходот како што стои овде е доволно преку нив да се финансира и спортот. Тоа е друго прашање. Според тоа, ќе го прочитам и вели: "Вкупните издатоци за промоција, пропаганда и реклама и за репрезентација се признаваат како расход во даночниот биланс најмногу во висина од 3% од вкупниот приход." Според тоа, прашање е за некои фирми тоа е многу, за некои 3% богати фирми, навистина, се дава простор да спонзорира многу екипи. За некои кои се сиромашни, тој и онака не може да вложи во спортот, па и 3% му се премногу, односно премалку. Според тоа, мислам дека да не се создаде привид овде, пред се, за спортистите дека Законот не дава можност да се финансира спортот. А прашање е дали се тие средства доволни. Јас сум убеден дека не може на никаков друг начин да се финансира спортот, освен по

основ на реклама и пропаганда по овој закон. А тоа е речено во член 20. А член 35 уредува една друга материја. Морам да признаам дека и мене на почетокот ми беше нејасно, па затоа и барав некои толкувања од луѓето што се упатени во даночната политика. Значи има основ и расположение кај фирмите до колку има итекако многу средства да се приберат по овој основ. Мене не ми беше јасно, дали, на пример, спонзорирањето на некои спортисти на меѓународен план значи пропаганда и реклама и спаѓа во категоријата репрезентација, што е содржано во член 20. А бидејќи тоа е така, така го толкуваат, мислам дека има основ за финансирање на спортот по член 20 и, се разбира, она што го рече министерот ако ние го издигнуваме на ниво, а треба, бидејќи Собранието расправаше посебно на седница и да дадеме приоритет, олимписки одат итн., да подготвиме еден посебен закон за финансирање на спортот, па таму уште повеќе ако овие средства од член 20 од овој закон не се доволни.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Димитрија Поповски.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Уште еднаш се извинувам што повторно се јавувам за збор. Јас добро проучив и се консултирав со луѓе што знаат повеќе од мене со економисти дека и членот 20 за кој што зборуваше г-динот Тито Петковски е побучен, меѓутоа, е констатирано дека тие средства се навистина малку да се покрие она што значи меѓународна активност спортска на РМ. Меѓународната спортска активност на РМ. Јас уште еднаш ќе повторам се работи за репрезентативните состави на РМ, што само со исполнети критериуми излегуваат на меѓународна спортска

сцена. Јас многу жалам што морам да прашам , често се повикувате на ММФ, дали ги прашавте господата од ММФ како е решено прашањето на финансирањето на спортот, па на овој начин на кој што се бара овде, вие многу убаво знаете дека сите вложувања на запад во спортот, дали е за изградба на спортските објекти, дали е за подготовка, дали е за настап, за опрема, реквизити, помагала, не се оданочува. Знаете за тоа многу добро. Не, не знаете, сигурно, бидете убедени дека не сум вчерашен и не сум ненашетан, па се информирав и знам дека е тоа решено вака како што го предлагам овде.

VIII/1.- РД/ЉР

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Јас ги прифаќам сугестиите дека можеби формулацијата не е најпрецизна. Меѓутоа, во своето образложение ја кажав трипати што се однесува за вложувањата за меѓународната спортска активност на РМ.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој Закон оваа година бил под мисии на експерти од ММФ. Забелешки од ова немаме. Меѓутоа, само за информација.

Второ, сега позицијата, реклама, пропаганда што ние ја имитираме на 3% меѓутоа, имаме сознание дека денеска стопанствениците 0,1% даваат за тоа. А со ова даваме 3% од вкупниот приход. Јас ќе ги утврдам оваа граница која никогаш навистина нема да се достигне. Тоа е страшно многу. Реални ви кажувам . Според тоа тој лимит во член 20 воопшто дава можност. 0,1% е сега навистина. Може многу лесно секој од вас тоа да го провери. Вкупен приход 1, реклама, пропаганда 1 само да не рече дека е малку тоа. Има податоци.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, и покрај тоа што работиме неуставно, односно немаме доволно кворум да расправаме за оваа проблематика и за овој амандман. Јас ја поздравувам досегашната расправа и на сите оние пратеници независно од која партија се кои што се заложија за предложениот амандман. Чудно е што некој пратеници се залагаат за усвојување на овој амандман. Претходниот амандман мислам дека нудеше многу повеќе во финансирањето во спортот, гласаа против. Малку се тука контрадикторни, меѓутоа тоа не е толку битно

VIII/2.-

Г-динот Тито Петковски се заложи за решаваше на проблемите во спортот, со носење акти од системски карактер, јас тоа истото имал придонес кон решавањето на финансирањето, но тоа е многу мал бидејќи сметам дека сите проблеми во споттот мора да се решат од системски карактер, да се донесе Законот за финансирање на спортот, Закон за формирање на посебно министерство за спорт, Законот за спорт итн. Се надевам дека овој Парламент во овој состав ќе успее да го донесе

Мислам дека ние тука гласајќи за овој амандман се определувам ена кој начин ќе ја финансираме оваа дејност. Дали ќе се одлучиме за она што го кажа пратеникот Поповски, на начин како што се финансира спортот уште во оние комунистички заостанати басиони во Куба, Кореа и Кина, или ќе се решиме преку принцип на донаторство што за мене вториот е многу поприфатлив и на тој начин ќе дадеме една стимулација на сите успешни приватни бизнисмени да бидат стимулирани да вложуваат со оваа дејност, пред се, од причини што оваа дејност за мене е единствената во моментот кое што може да ни даде меѓународна афирмација на нашата Држава. Јас имам слични на овие амандмани предложено, тие се во Законот за персоналниот данок на доход и јас би сакал претседателот на Собранието, или претседавачот да овозможат нормални услови за работа, бидејќи се работи за навистина сериозен амандман тоа дискусиите го покажаа, да се повикаат сите пратеници кои што се моментално во бифето, или тука некаде во  зградата да овозможиме уставно работење на Собранието, согласно член 69 од Уставот и ги повикувам сите да го изгласаме овој амандман.

VIII/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Додека расправавме по овој амандман имаше пратеници кои во меѓувреме ја напуштија салата повикувам да влезат во салата да обезбедиме гласање според Уставот и Законот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Ве молам доколку има за тоа поддршка, се сомневам во исправноста на гласањето, барам поединечно изјаснување по амандманот

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има ли поддршка од 10 пратеници? (има)

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање по амандманот.

VIII/4.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ЃОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКОЃОРЃЕСКИ | воздржан |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | воздржан |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | воздржан |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

VIII/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | воздржан |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | против |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржана |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

VIII/7.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | воздржан |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | воздржан |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 74 пратеници.

Четириесет и четири пратеници гласале за, пет гласале против а се воздржале од гласање 25 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Димитар Поповски.

Јас би побрзал да ги завршиме амандманите, има уште неколку, да го регулираме овој закон па потоа да дадеме кратка пауза.

Отворам претрес по амандманот на член 36 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Шабан Превала.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој амандман не се прифаќа, а образложението беше дека е ова директно во спротивност со Законот за сметководство. За тоа образложив.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, иако бев отсутен кога се разгледуваше првиот амандман што го поднесовме јас господинот магистар Шабан Превала, сепак следев преку радиото како се одвиваат работите и го слушав образложението.

IX/2

За тоа би рекол, ако тоа не беше прифатено, сега се дава можност да биде прифатен овој амандман. Причините се гледаат од образложението. Меѓутоа, уште би додал дека со ова образложение не се опфатени и другите организации што имаат сезонски карактер. Се работи за пресметување на данок на добивка за организации што работата им е од сезонски карактер. Треба да се обезбедат лични доходи сега за следната година, ако има такви организации, а ние имаме таков случај во Дебар што работи на таков начин. Таков е карактерот на работата. Дали сакаме на таа организација, ако и одземеме данок од добивка 30%, колку што е предложено со законот, тоа значи да одземеме две плати.

Дали сме согласни тие организации, поради две плати да не може да постои? Може да се случи таква работа да не може да опстане. Дали се согласуваме со таква работа? Сигурен сум дека кај повеќето ќе преовлада мислењето дека не се согласуваат. Да бидеме благодарни што имаме такви организации и да можеме да ги одржуваме. Конкретно се работи за "Дебарски бањи", беше во таква состојба што пред 2 години се закануваше распаѓање. Дадени се доста пари, капитал и сега, дали може да допуштиме ваква работа дека тоа нема да ни- биде на чест ако дозволиме таква работа.

Од тие причини го даваме ова образложение односно амандманот на членот 39 да се прави онака -како што се овозможува. Можеби некој,ќе каже дека е во прашање Законот за сметководството. И во минатото се познати случаи кога се правени исклучоци. Имаше доста случаи кога се правеле такви работи. Се работи за сезонски карактер. Зашто на земјоделието, ако имам јас, а знам дека состојбите се многу тешки во земјоделието дека не може да се создаде добивка, затоа можеби и не сме многу засегнати, јасни ни се состојбите. Таму не се составува крај со крај, а не да стане збор за добивка. За среќа тука

имаме таква организација , а такви има сигурно доста многу. Таа преку зима не може да работи. Нема бањски туризам, нема бањско лекување, луѓето немаат пари и не можат да дојдат преку зимата да простојуваат.

Заради тоа молам за разбирање да биде дадена оваа можност. Не се избегнува ништо, не станува збор за приватна организација, станува збор за големи организации. Во Дебар таа вработува 200 работници. Во услови кога порано имавме 3 ипол илјади гости а сега имаме 1.500 и двеста работници се многу.

Благодарам за разбирањето.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

И во оваа прилика ќе подвлечам дека денеска расправаме за данок од добивка. Треба само така да расправаме. Зависно од тоа дали тој закон е во спротивност со законот за сметководство или не. Законот за сметководство регулира одредена материја. Ние можеме денеска да водиме сметка дали овој закон не се судрува со уставните одредби. Од уводот во законот и образложението испаѓа дека тој не е во спротивност со Уставот.

Во прилог на ова што мојот колега, Ајдерага изложи јас само ќе додадам дека станува збор за начинот на пресметката и плаќањето на данокот од добивка место на 31.XII, на крајот на годината со завршната сметка, овде се предлага, поради природата на работата, сезонскиот карактер, тоа да биде на крајот на првото полугодие односно со полугодишната пресметка поради причините наведени во образложението,

Факт е дека таквите претпријатија, заради сезонскиот карактер на работата во одреден период не остварувањето приходи, а од друга страна мора да исплатува лични доходи, мора да имаат одредени други фиксни издатоци и трошоци, но за нив не станува збор. Сега станува

збор за  опстанокот и евентуално за тоа што со право колегата Ајдарага истакна да не се одземаат, како што рече тој два лични доходи и со тоа да се доведе претпријатието во прашаше и да биде предмет на санација или да оди во загуба.

Заради тоа и јас како и тој молам , бидејќи станува збор за деловна година на вакви претпријатија, што не се поклопува со календарската, а Законот за сметководство во тој поглед ја поклопува календарската со деловната, молам за ваквите претпријатија да важи деловната година, така како што е образложено со овој амандман, со образложението .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака' (26 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Шабан Превала.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Има 10 пратеници.

Ве молам имаме уште два амандмани и по овој да извршиме гласање.

Дозволете ми поединечното гласање да го извршиме откако ќе ги минеме овие два амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 48 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата се согласува со амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 53 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам сега да се изврши поединечно гласање по амандманот на пратениците на Газменд Ајдерага и Шабан Превала.

Има збор секретарот на Собранието Игор Спировски

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Прилог:

IX/6

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ЃОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКОЃОРЃЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | воздржан |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не е тука |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | воздржан |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | воздржан |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

IX/8

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | не е тука |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржана |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | воздржан |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | воздржан |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | за |

Констатирам дека вкупно гласале 6 5 пратеници.

27 пратеници гласале за, 9 гласале против а 29 се воздржале.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Газмен Ајдерага и Шабан Превала.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на Законот. .

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Пред да го ставам Предлогот на закон на гласање морам да утврдам присутен број на пратеници.

Информиран сум од службите дека во салата се присутни 62 пратеници, значи можеме да пристапиме кон гласањето.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за данокот од добивка.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

Х/1.- ЈМ/ВБ

(По паузата)

Седницата продолжи во 16,30 часот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Минуваме на **точката 19** - Предлог на закон за персоналниот данок од доход.

Отворам општ претрес.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Молам кој бара збор?

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Јас ќе се потрудам да бидам краток во општиот претрес но бидејќи во меѓувреме еден амандман е даден,а во врска со самиот амандман кој што сега го примија претставниците на Владата и министерот, сметам дека би требало мало појаснување да се даде во општиот претрес како би можело после тоа да се води расправа и по самиот амандман за неговите цели. Сметам дека во општиот претрес треба да се укаже на тоа дека во реформата на даночниот систем се прави една квалитетна промена. со тоа што повеќе од четири видови на даноци, односно 6 видови на даноци веќе се ставаат во еден вид на данок, тоа е персоналниот данок и овие денови во средствата за јавно информирање бевме сведоци на искажување на одредени субјекти за тоа дека се вршат нови оданочувања. Сметам дека оданочувањата само се ставени во еден закон и постојните даноци, некаде се менуваат основиците, но во секој случај структурата останува иста. Ново е само тоа што е предложено. Сметам дека во меѓувреме Владата ќе изгради поинакво становиште да се пресметува и персонален данок на примените и исплатените пензии и инвалиднини. Јас се јавни за дискусија повеќе околу една нејаснотија која што во расправата по телата се покажа дека и покрај тоа што во член 10 е утврдена даночната основица, или даночната основа на која што се пресметува данокот и многу јасно може

врз основа на таквата определба во член 10 да се пресмета. Во член 11 се додава нешто што не е јасно и зошто воопшто е вградено во самиот закон, тоа е и самото прашање. И сметам дека би требало во делот на даночната основа јасно да се каже дека во делот на данокот од лични примања од работен однос се оданочуваат нето личните примања а не бруто личните примања. Мислам дека со тоа ќе биде натаму се јасно и во делот на примената на самиот закон. Исто така, има повеќе прашања што се отворени,но сметам дека во член 7 6 каде што е предвидено да (не се доискажува), министерот за финансии да даде поблиски толкувања во делот на спроведување на самиот закон. И сметам дека тие прашања ќе бидат низ таквите толкувања за примена на Законот и отстранети. Мојата интервенција е во општиот претрес во делот на утврдување на даночната основа посебно на данокот од работен однос, односно од плати и тој дел би требало на одреден начин да се разјасни.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за овој закон се сите витално заинтересирани и вработени и невработени односно мислам пензионерите, затоа што сумата која треба да се издвои е значителна поготово за оние кои се со ниски лични примања и со ниски пензии. Досега од вработените бидејќи имаше и бруто и нето плата. од бруто платата се издвојуваше одреден персонален данок и тој сега како ќе се пресметува, дали ќе оди тој, дали' ќе се прелива во личниот доход, или ќе оди директно само од нето личниот доход, или како ќе оди, мене тоа не ми е јасно, веројатно тоа ќе се објасни. Меѓутоа, она што се однесува за пензионерите, пензионерите примаат чиста пензија, ништо друго не примаат и за нив Фондот плаќа само за здравствено осигурување, други никакви додатоци нема. Според тоа, ако остане 23%

да се плаќа за тие што се со пониски пензии, почнувајќи од најниската пензија па нагоре, прогресивно тогаш не знам од каде ќе се најдат средства да се исплатата овие 23% поготово за тие помалите пензии. Јас лично сметам дека оние што имаат до една просечна пензија и до две просечни пензии не би требало да го плаќаат овој данок, а над тоа да си оди така како што е предвидено прогресивно. Тоа е мој апел и моја молба до министерот да ги објасни овие работи.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателстов, почитувани пратеници, пред да го дадам мојот глас за, или против овој закон и кај мене постојат одредени дилеми. јас би сакал предлагачот на овој закон да објасни. Ако добро го прочитаме овој закон член 7 вели дека обврзник, даночен обврзник е секое физичко лице е резидент во РМ. Тоа значи дека секое физичко лице според член 3 сите тие 6 основи кои што ги наведува треба да плати данок. Во член 10 каде што утврдува основица за оданочување е данокот за оданочување според член 3 од овој закон намален за една четвртина од просечната плата во Републиката. Ова е новина за разлика -од претходните две фази каде што за една четвртина се намалува личниот доход, односно за една четвртина од просечната плата во Републиката. Ако вака дословно го читаме законот ако што е предложен, за првпат обврзници за данок по сите овие пет основи, видови на приходи се јавуваат физичките лица. Што значи кај мене постои одредена дилема и би сакал предлагачот да објасни.

Кај платите и кај пензиите, имено според оној преглед кој што ние на Комисија го побаравме од предлагачот да изготви еден практичен пример како ќе се пресметуваат овие даноци, доаѓа дека на нето плата од 14.656 денари данок според овој новиот закон, кој што сега го предлага треба да плати бидејќи има личен доход 10.258 до два просечни лични доходи плаќа данок 23% 2.357 денари и за разликата од 7.510 плаќа уште 2.000, или вкупно 4.доследно го читаме законот значи

од 14.000 нето плата која што треба да ја прима работникот 4.300 денари треба да плати данок, значи тој треба да прими 10.250. Тоа е според член 7 од Законот каде што секое физичко лице, односно по основ на плата . Меѓутоа, ако ова не е така бидејќи на Комисијата предлагачот имаше различни мислења дека ќе го плаќа на правното лице, односно работодавачот, а еден од претставниците вели дека тоа ќе го плаќа секое физичко лице. Кај мене е сега дилема и сакам пред да дојде на гласање законот да бидеме на јасно за што ќе гласаме. Ако тогаш не го плаќа секое физичко лице, значи имаме ново оптоварување кај правните лица, бидејќи во основата за пресметување во оваа пресметка која што ја направи предлагачот треба да пресметаме за секој вработен три пати бруто личен доход. Така што во бруто личен доход по основ на придонес до сега имавме 14%, сега се јавуваат 23%. Што значи нова формирана нова маса на бруто личен доход поголем. Со тоа индиректно ќе имаат нови зголемувања на придонесите кај пензиското и инвалидско, здравствено осигурување и вработување. Исто така, се јавува ново зголемување и кај овој придонес нов кој што сега се воведува со овој закон. Сметам дека вака ако добро го погледнеме, ако аналитички навлеземе дека во пракса овој закон ќе внесе многу дилеми и нови оптоварувања на правните лица, се она што од вчера го донесовме по основ на зголемување на стапката за пензиско инвалидско за 2% и 0,7 за вработување. И ваквото ново зголемување мислам дека во вакви услови како гато се наоѓа нашето стопанство мислам дека не ќе може да издржи. Затоа барам пред да преминеме на овој општ претрес   На пример ако еден"пензионер има 4 .000 денари, една четвртина некаде околу 1.000 денари заокружувам за да биде поедноставно се одбива, тоа е една четвртина од просечната палта во Републиката, останува на 3.000 денари. На 3.000 денари ако пресметаме само на нето 23%, значи 690 денари треба да му намалиме на пензионерот од 1 јануари да плати

данок по овој закон. Ако тоа не е така, мислам ако не плаќа секој пензионер, тогаш значи фондот за пензиско и инвалидско осигурување треба да обезбеди нови средства по основ на овој закон бидејќи кај пензиите за првпат се воведува овој данок. Мислам дека она што беше дискутирано во досегашниот период во поглед на состојбите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, мислам дека ова не држи ние да воведуваме нови оптоварувања . Сето тоа мислам дека ќе се сведе на правните лица и за мене нема никаква логика да ваков закон предлагаме. Претходно Петар Ѓорѓиев спомна за да биде овој закон поедноставен. Мислам дека членот 11 дава многу забуни, а тоа ќе го потврдам со пресметката, оваа што ја изготвува Министерството за финансии не е 23%, меѓутоа по оваа пресметка излегува дека овие кои што тие самите ги пресметале данок изгледа 30% на нето личен доход 30% излегува бидејќи со член 11 доаѓа на придонесот да се плаќа придонес . Овие 23, односно 27 и 35%, 5% се вклучуваат значи на данокот плаќаме повторно бидејќи влегуваат од нето во бруто, на тој данок, на тие придонеси плаќаме придонес од 23% и доаѓа на нето примањата 30%. Сметам дека ова ќе создаде една забуна во праксата и затоа барам еве уште на крајот предлагачот да објасни.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас мислам барем ако се согласувате, ако е прашање, прашање е, но ако некој е уверен дека тоа е така, треба овде да спориме се што рече досега воопшто не е така. Ние двапати овој закон сме го имале истите формулации овде низ овој Парламент. За овие барем што сега се спори има само една новина. Сме прифатиле сугестија на експертските мисии од Фондот една четвртина од сите примања да се отстрани од основицата. Тоа е што не била во јавна расправа. Дами и господа па овие дилеми на Комисијата за финансирање и буџет околу пресметката е направена се со цел да се расчистат сите дилеми. Ако навистина мисли

X/6.-

некој, во ред може и тоа да направиме овде црна табла со креда и да пресметаме. Кај Законот, кај данокот од плата во суштина не се менува ништо. Единствено што стапката од 14.400 која се пресметуваше на бруто претворена е на база нето плата исплатувачот ја пресметува и тој го плаќа данокот. Членот 11 само објаснува дека во таа основица дообраснува, ништо друго, дека во таа основица не смеат да бидат придонесите за пензиско - инвалидско за да биде да нема дилеми направено, а не за да има дилеми. Во таа основица не смее да биде внесен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и здравство. Кому му смета ? Токму е направена за да нема дилеми, или ќе се верува дека е тоа така, или не можеме овде ние со поединци да се расправаме. Јас викам дека е тоа така. Кај плата значи поминуваме таму на нето. Донесовте одлука и за придонесите на пензиско и инвалидско и вработување. Таму извршивме друга дефиниција за основицата, не е како досега во законите. Порано пишуваше во законите за пензиско и инвалидско основица е истата што се плаќа данокот на плата, односно порано придонес. Бидејќи тоа веќе така не смее да биде викаме бруто плата во која е внесен и придонесот за пензиско и инвалидско. Додека кај данокот на плата нема никаква дилема, само е претворена и ново е воведена прогресивната стапка. Меѓутоа, тоа не е ништо ново, тоа двапати било, никој околу тоа немал забелешка. Во претходната постапка беше 20 стартната' стапка, сега е 23 со цел рековме кога го донесовме да ризикуваме да ги намалиме и овие видови даноци, бидејќи една четвртина се исклучува, а тоа се исклучува од сите обврзници да не дојде до губење на приходите во буџетот сега се поаѓа од 23 само за таа причина. Направени се математики, бидејќи ако не се верува во овие математики , јас не знам како Парламентот тоа ќе го докажеме. Тоа е. Оданочувањето на пензиите не е ништо ново. Со персоналниот данок на доход сме прифатиле светска пракса, а тоа ќе го потврдиме дека освен она што е таму во членот кој сите примања се оданочуваат, сите

X/7.-

видови примања. Тоа не е ништо ново, тоа сме го рекле и во прва фаза и во втора фаза и сега. Ако се вратиме на начелна дискусија на пензиите да не се плаќа, тоа е веќе друга работа, тогаш законот не е веќе во последна фаза, не е по амандмани. Ништо ново нема освен ова што ви го реков. Владата има расправано околу проблемите финансиски на Фондот за- пензиско и инвалидско осигурување и таму исплатувачот ќе го платат данокот, Фондот. Владата тоа го предлага свесно, не е дека испуштила и заборавила. Поради еднообразност, поради прифатениот принцип дека се треба да се оданочува ќе циркулираат одредени пари, ќе циркулираат, меѓутоа принципот на оданочување ќе биде таков. И овие принципи биле прифатени, јас не знам, не сме отстапиле никаде од принципите кои биле. Како да објасниме кога повеќе пати е објаснето и на комисии и на се. Јас друго не можам да полемизирам. Кој не верува, тоа е друг проблем.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. еве господинот министер даде едно пошироко објаснување врзано со новините на Законот, меѓутоа јас сакам чисто добронамерно да укажам на одредени прашања до кои дојдовме читајќи го законот повеќе од нас пратениците иако можеби дел од нас пратениците треба да бидеме тие што ќе треба најповеќе да го поддржуваме министерот и Владата во смисла на прифаќањето на целокупниот концепт. Меѓутоа, чинам дека овие искажувања кои што беа пред мене од двајцата почитувани колеги Ѓорѓиев и Димов одеа на линија за да некои работи овде расчистиме за .да не се случи нешто друго подоцна во праксата. И покрај тоа што реков целиот респект спрема господинот министер кој се обиде дел од овие прашања кои што претставуваат како забуна да ги дообјасни. Во тој контекст сакам да укажам на неколку работи. Прво, мислам дека заложбата за воведување на непосредни даноци и воопшто

квалитетниот пристап во даночната политика да заслужува внимание и дека тој принцип како таков треба да го поддржуваме, бидејќи тој носи квалитативни новини.

Меѓутоа, што се однесува до овој закон кој што е предмет на расправа, мое длабоко убедување е дека кој носи многу неизвесности и од тие причини сакам веднаш да укажам дека независно до тоа што ние прифативме уште при усвојувањето на дневниот ред дека сите тие закони треба да ги усвоиме по скратена постапка, мое размислување е дека не само кај нас пратениците, туку и дел од предлагачите постојат одредени дилеми и добро би било или овој закон да го оставиме на крај за усвојување, или тој да оди по една редовна постапка за да се сите поединости во тој дел да бидат отстранети. Во што се состојат моите приговори, или дилеми?

XI/1/НН/Лј

**ИВАН ИВАНОВ:(**продолжение)

Основниот дел на дилемите е, бидејќи во овој закон се воведуваат повеќе, оданочување по повеќе основи, меѓу кои доминантно е оданочувањето по основ на личните примања. Тоа практично значи сите граѓани што имаат редовни месечни примања, дали се пензии или плати практично доаѓаат под удар на овој закон и тие имаат обврска и стануваат даночни обврзници за делот на тие примања.

Согласно ова, независно од висината на примањата, дали е пензија или плата, или минималниот дел е со зафаќање од 23%, овде министерот дообјасни, што е исто така дилема кој ќе биде обврзникот на овие плаќања по основ на личните примања. Добро беше кажано од колегата Димов дали тоа ќе бидат граѓаните непосредно или ќе бидат претпријатијата односно фондовите со што доаѓаме практично до една нерационалност. Ако бидат претпријатијата тоа значи дека ќе треба да извршиме одредено додатно зафаќање на доходот на претпријатијата, а ако е тоа од Фондовите каде што рационалноста е помала значи ќе треба да зафаќаме одредени средства за кои ќе треба да плаќаме понатаму даноци. Со тоа самиот систем го усложнуваме и како метод на пресметување, а и понатаму како метод на реализација. Од тие причини сето ова упатува на една голема внимателност.

Ако граѓаните бидат непосредни тоа значи и оној што прима, да го земам како пример 3000 денари пензија, најниската пензија практично Со 23% плаќање, неговата пензија ќе биде сведена на 2310 денари. Тоа автоматски значи нов удар по стандардот, или пак ако тоа биде плаќање од фондовите тоа значи непосредно зафаќање на стопанството. Ако зборувавме дека преминуваме на еден систем на пазарно стопанисување каде што правните субјекти треба да бидат стимулирани на едно успешно работење со ваков систем на оданочување мислам дека нема да го постигнеме саканото.

XI/2.-

Од тие причини ги поддржувам претходните ва дискутанта кои укажуваат дека на ова ќе треба да пријдеме малку по аналитички за да не дојдеме во ситуација после да предлагаме промени, или да дојдеме до нервози и донеразбирања. Знам дека даночната политика вклучувајќи го и овој данок дека е еден од елементите кои што произлегуваат од обврската на меѓународниот монетарен фонд и тој треба да биде посматра во рамките на пакетот на законите и мерките, меѓутоа подобро е за ова да изгубите ако е потребно и малку повеќе време, меѓутоа како решение да дојдеме до правото што нема да предизвика покасно несакани проблеми. Од тие причини за залагам или оваа точка да ја одложиме за да се работи преку Комисијата и работите да се поразјаснат и уточат, дел од амандманите односно дел од поедини членови да бидат изменети или ова да иде по редовна постапка каде што можат да се согледаат сите празнини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Господа, па ова веќе е невозможно. Овој закон не оди по скратена постапка. Овој закон не оди по скратена постапка. Овој закон оди по редовна постапка и е стигнат до фазата Предлог на закон. Бил предлог за донесување, бил нацрт, разгледан е на комисии, имате извештаи од комисиите, од Комисијата за финансирање и буџет. Ако ние тргнеме овде прво од неточната претпоставка дека овој закон треба да оди по итна постапка и чекаме еден саат некој тоа да го каже, а тоа не е вистина како може да работиме. Имате извештаи од комитите  кои ја имаат таа задача. Имате амандмани. Законот не е по скратена редовна постапка. Јас не знам сега која е дилемата.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство. Навистина треба ги донесеме овие закони, овој закон и другите закони што се на Дневен ред затоа што се потребни.

XI/3.-

Последното уредување на даноците не одговара ни најмалку према регулативата на развиените земји со пазарно ориентирано стопанство ако тоа го знаеме, затоа што не се ефикасни, не се интересни, тогаш не знам зошто толку се оддолговлечува од една страна, а од друга страна друго треба да расчистиме. Ако сме се ориентирале за пазарно стопанство ние овде не го откриваме на пазарното стопанство. Не можеме да работиме еден дел со договор на стопанство а другиот дел да го направиме пазарно стопанство. Затоа имавме слика - и прилика и за политичка ориентација на демократијата и од аспект на системот на стопанството и сакаме и не сакаме. Дали сакаме пазарно стопанство, или не сакаме пазарно стопанство ако сакаме пазарно стопанство вака треба да се решава.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници, немам намера да го негирам она што го кажа господинот министер, туку напротив мислам дека моето искажување и искажувањето на претходните колеги беше со цел да донесеме закон кој што ќе биде во функција на залагањата. Во тој контекст сакам да укажам само на две работи. Овде министерот укажуваше на досегашната постапка.

Во постапката на предлогот за донесување на овој закон тие решенија што беа понудени во однос на овие решенија имаат дијаметрални разлики и квалитативни разлики од тие причини а и во самото предлагање на законот, мислам на целиот пакет на мерки беше кажано дека сите овие закони треба да бидат донесени по итна постапка, барем така беше. нашето сфаќање и овој закон има таков третман.

Второ, ние овде загорвараме пазарна економија, па велиме дека треба да видиме како е во развиените земји итн., Ние не можеме да правиме споредби со развиените земји ако просечните плати во развиените земји се 2000 марки или повеќе, а една пензија. од 3000 дена

XI/4.-

да оданочуваме со 23%. Тоа се два различни квалитета за кои треба сериозно да размислиме.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во Законот стои што се донесува до пензиите и данокот на плати - исплатувачот го плаќа данокот. Која е дилемата? Го пресметува и плаќа. Молам, како досега тоа што кај пензиите е ново исплатувач се знае кој е. За исплатувачот се знае кој е. Каде пишува друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овие работи да ги сведиме на еден нормален општ претрес. Само врзано, што има смисла да појасни, за што некој поднел амандмани а не некој од почеток да тргнува.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Немам намера да завлегувам во полемика со министерот, но би ја прифатил неговата изјава иако сум уверен дека со изјави, закон не се прави. Пресметката на овие стапки дека ќе биде на нето личен доход. Уверен сум дека тоа не е така затоа што член 11 има функција само тогаш кога плус уште нешто има кога се пресметува оваа стапка, а тоа нешто е 23%, кое што двапати се собира и на бруто се пресметува.

Пресметката која што е дадена од министерството јасно упатува дека се одбиваат сите тие придонеси и останува само 23% како збир , па основицата како 14.656 е 17.760, па натаму се прави пресметка на данок. Додека да се дојде до таа стапка има една голема процедура, со тоа што уште еднаш сметав дека министерот може тоа и низ своите упатства што ќе ги дава да го направи, уште еднаш да се регистрира дека на исплатените нето плати ќе се применува стапката и тогаш расправата веќе тука прекратува.

XI/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точно е дека законот за персонален данок од доход не оди по скратена постапка, меѓутоа точно е и држи и тоа дека оној што го кажал својот став во сите фази на донесувањето на законот, а не е содржано во предлогот на законот има право повторно да ги изнесе тие дилеми или да ги каже ставовите за евентуално подобрување со амандамнска корекција на предложениот текст на законот.

Разбирам да се прифати образложение дека овој. Закон за персонален од доход е во функција оној кој има повеќе да плати повеќе оној кој има помалку да плати, помалку на државата и тоа е во ред. Но, од што да плати оној кој има толку малку да не може ниту да преживее. Тоа е основното прашање. А ги има премногу во оваа држава Македонија. Сега со оваа концепција на законот ќе им земеме на сите до две просечни месечни плати за да го полниме буџетот за да кога ќе се јават истите тие лица пред центрите за социјална работ повторно од буџетот преку социјалните програми да им ги даваме како социјална помош. На крајот ќе испадне како вицот "кој јал, што јал, важно вршеле обрт на капиталот". Меѓутоа во предлогот на законот се внесе и категоријата данок од пензии и инвалиднини.

Тоа во нацртот на фазата и во Предлогот за донесување не беше внесено точно е дека и држави со пазарна економија имаат високи пензии иако имаат ист третман како и сите други лични примања па и платите би требало и тие да бидат оданочувани во зависност од економската моќ на поединецот, на физичкото лице или на граѓанинот. И точно е дека и исплатувачот ќе ги исплати тие средства. Ќе ги исплати даноците на пензии до две месечни просечни плати, а прашање е колку се над две месечни просечни плати. Но, ако нашиот фонд нема средства за исплата ниту на сегашните утврдени пензии на пензионерите од каде ќе ги најде средствата за да ги подмири даноците на пензии до две

месечни просечни плати. Зошто? Затоа што го донесовме законот за буџет ќе ја пријави таа висина на средства како загуба во дефицит во буџетот фондот за пензиско инвалидско осигурување не може никаде на друго место да се задолжи мора, по законот за буџети да се јави да побара заем од Буџетот на Републиката. Сега, им го зимаме од Фондот средствата како данок на пензии за да после во буџетскиот дефицит на фондот повторно ги враќаме средствата преку Републичкиот буџет.

Сметам дека основно место што фали во овој закон е да се направи една минимална заштита или законска заштита за лица кои што примаат минимални лични примања односно би требало да се вгради еден амандман дека данокот односно персоналниот данок од доход нема да се пресметува и да им се наплатува на лица кои што примаат лични примања и пензии до едно минимално гарантирано ниво кое што ќе го определи државата со закон, или Владата со некоја своја уредба, по кое тоа ниво доколку располага со средства и пензии не треба да им се наплатува персоналниот данок од доход. Инаку, повторно преку социјалната програма, преку буџетскиот дефицит на фондот за пензиско инвалидско осигурување пак ќе треба средствата што по еден основ по основ на овој закон им ги земаме ќе треба повторно да им ги враќаме назад.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во функција на ова рековме, замислете во прва фаза не била една четвртина во двете фази . Во функција на сите овие искажувања и од сугестијата на фондот е прифатена  една четвртина од едномесечна просечна плата да се исклучи поради ова образложение. Инаку не менуваме. Како што досега плаќале и тие со минимални плати, само тој бил околу 14%. Во тој смисол ништо ново не воведуваме. Тоа 14 претворено во 23%. Плус досега кога претпријатијата пресметувале

данок пресметувале на целата маса данок, а сега една четвртина ќе биде. Значи претпријатијата малку се растоваруваат. Досега бил секој денар оданочен. Значи сега претпријатијата се растоваруваат со тоа што една четвртина се исклучува од основицата. Таа една четвртина е многу повеќе отколку прогресивноста која се плаќа само на разликата над лимитот. Ова е вистина, а не она што се сака да се докаже дека некој ќе сака да страда. Ова е вистина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа потреба за донесување на овој закон постои и треба да го донесеме.

Приговорите од министерството дека поминале една две или повеќе фази, па да не смее во него да се вршат интервенции денес на ова Собрание не држат, затоа што законот има фази до донесување. Меѓутоа, има фаза во донесување. Во донесувањето е главата фаза, тогаш се искристализира се и дали Собранието ќе го прифати и овој вака предложен текст, или ќе ги прифати и амандманите, или нема да го прифати ниту текстот на законот, ниту амандманите туку ќе го врати назад.

Господа, ова што го говореше министерот јас сум подготвен да го примам како готово само ако не е член 7. Зошто? Член 7 - даночен обврзник на данок на доход е секое физичко лице. Со ова "секое физичко лице" е избришана обврска на било кој друг. Другиот не може да го плаќа. Дека е во функција на ова мое размислување е токму и член 11 каде говори "на обврзникот", а сега тоа е физичкото лице. На обврзникот му се признаваат како одбиток по даночна основица придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување и другите јавни давачки.

Досега, ова министерот што сака да ни го каже беше вака. Сите доприноси и данокот од една утврди дека основица сите се наплаќаат од

неа.. Ако не е така ќе продолжиме да. говориме и ќе донесеме едно решение со кое ќе видите дека е утврдена една даночна основица од 1000 денари и на тие 1000 денари се наплаќа данок 10%, допринос за пензиско толку по таа основица за здравствено толку, за школство толку. Сите зимаат од таа оснива. Додека сега во функција да се разликува е член 11. Доприносите за овие давачки се одбива и тогаш не влегуваат во основицата за оданочување на тој персонален данок. Член 7 кажува дека го плаќа само физичко лице. .

XII/1.- ДВ/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Господава што прашуваат, дали сега ќе плаќа пензионер, оној што прима плата, оној кој врши некои функции од било која дејност тие ќе плаќаат. Да, физичките лица. А, ако некој размислувал поинаку да работи а вака напишал, тогаш тоа е негов недостаток а не на нас, што ние го така разбираме.

Господа, има едно правило во правната наука. Што повеќе го читаш законот утврдуваш дека помалку го познаваш. Што повеќе го читаш, толку повеќе откриваш што си до тогаш знаел, а што не си знаел. Така и овде сега.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас на ова место сум дошол од место финансиски директор и цел живот сум пресметувал придонеси на лични доходи, на плати каде сме правеле програми па сите работници од еден до илјада се редени и пресметка имало за секого. Дури кога беше и Законот за дружен труд мораше да му се даде на секој работник колку му се сите даноци. И тогаш пишуваше обврзници за работниците, ама претпријатието го правеше тоа.

Сега бидејќи имаме прогресивна стапка, мора нова програма затоа што на крајот на годината за секого треба да има во која скала влегува. Истото тоа ќе го прави претпријатието, само треба малку програмата да се менува и ништо друго. Јас тоа цел живот сум го работел и како сега да прифатам дека претпријатието, имаше претпријатија кои правеа тоа, меѓутоа тоа беше неправилност. Ако СОК вршеше контрола тоа немаше да го дозволи и не го дозволуваше. Педесет и седум колони секој работник имаше. Како може сека некој повторно да тврди дека тоа не било така. Значи сега само е ново тоа што сега се тргнува од нето исплата, истите пари пресметани итн. Нова програма ќе мора да се прави.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова што го кажа министерот е сосема точно и говори за работниците. Овде законот се предлага, ќе плати секое физичко лице. Таму била обврска на некој друг за овој, а овде е овој за овој. Тоа е суштината на законот. Во таа смисла, ако е така, требаше прво овие закони да се донесат да не се трчаше да се донесе Буџетот по секоја цена и сега ако отпадне овој закон ќе падне и Буџетот. Треба да се води на време сметка што ќе се работи и како ќе се работи, а не сега некој да се става пред свршен чин зошто е вака, а не е онака. Тоа е причината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 17 точка 1 и 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков поднесоа амандман на член 12 став 1, а пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на член 6 за менување на точка 2 по кои Владата не се произнела односно не се согласила.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 101 став 2.

Законодавно – правната комисија поднесе амандмани на член 76 став 2, 3 и 4, член 117 став 5, член 145 став 1 и на член 150.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 149 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

XII/3.-

Пратеникот Михаил Пановски поднесе амандмани на член 6 за додавање на нови точки до точка 18, а пратеникот Никола Стојановски поднесе амандман на член 6 за додавање нова точка 19 по точка 18 по кои не се произнела Владата.

Пратениците Славјанка Стојанова и Ванчо Златанов поднесоа амандман на член 8 3 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Петар Ѓорѓиев, Тодор Димов и Тиме Андонов поднесоа амандмани за бришење на член 11 и член 12 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**ТАШКО КИРОВ:**

Под точка 2 се вели дека награди за животни остварувања се ослободени од данок и тоа награди за животни достигнувања во областа на науката, културата и спортот и тоа е во ред. Меѓутоа со овие три предлози не се регулираат сите области од човековиот живот На пример награда за мир под што ќе ја ставиме. Ниту оди во култура, ниту во спорт, ниту во наука. Токму затоа со амандманот се предлага да биде дадено општо - награди за животни достигнувања. Со тоа сите области би биле опфатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

XII/4.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нова точка по точка 18, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од причини што суштински отстапува од решенијата што се понудени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член б за додавање нова точка по точка 18, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нова точка по точка 18, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

XII/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека Владата е во контрадикција самата со себе заради тоа што во Законот за данок од добивка прифативме стипендии за врвни спортисти да не бидат оданочувани, односно да биде ослободена основицата за висината на стипендиите. Амандманот што е даден е токму во таа функција, истоветна содржина како и Законот за данок од добивка. Имено гласи: "Заработувачката што истакнати македонски спортисти ја остваруваат во вид на стипендија од државните фондови и фондации". Затоа сметаме за да се обезбеди аналогија на Законот од данокот на добивка, оваа формулација како посебна точка под точка 18 од членот 6 од Предлогот на законот за персонален данок од доход да биде прифатена.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ние олеснувањата,ослободувањата и одбивањата ги имаме во законот. Ние овој амандман не го прифаќаме бидејќи отстапува од декларираниот принцип дека сите примања ќе бидат оданочени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (11 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нова точка по точка 18, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Петар Ѓорѓиев, Тодор Димов и Тиме Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Мотивот на амандманот суштински ништо не менува. Амандманот пред малку зборував само дообјаснува да биде чисто околу основицата за пресметка на данокот на плати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали го прифаќате?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба ли да има дилеми.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Он го брише а ние сме го ставиле со намера да биде сфатен Он дообјаснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ПЕТАР ГОРГИЕВСКИ:**

Сметам дека министерот упорно сака да докаже дека член 11 е формално само заради објаснување ставен, а јас укажувам на тоа дека не е формално затоа што во член 12 кој следи јасно стои во самата табела дека се се заснива на член 11. Што значи дека пресметката цела

на даночните стапки се заснива на член 11, а член 11 е ставен само од аспект на тоа што во претходната расправа, кога ние имавме предлог за донесување на закон имаше во член 3 нето приходи. Сега тоа е избришано па место нето си останува бруто и јасно кои бруто приходи. Се одбиваат само придонесите што стојат во член 11 а си останува она 23% во бруто и на него си остануваат повторно пресметките, односно на стапките.

Член 10 е многу јасен. Ако се задржиме на тоа да отпадне член 11, даночната основица е многу јасна. Основа на данокот од доход претставува доходот за оданочување според член 3 од овој закон намален за 1/4 од износот на просечната плата остварена во Републиката. Друго појаснување од член 10 нема потреба, ако не е во функција на она што претходно го реков. Што значи ако не се избрише член 11 автоматски веќе не може да се измени после ни она што е во член 12, основата за пресметување, односно стапката која треба да се пресмета. Затоа и амандманите кои ги имам поднесено се врзани амандмани, пресметувањето да биде од член 10 каде се утврдува и даночната основа.

Она што го изјави министерот е во прилог на она што јас го зборувам, со тоа што ако се промени, после по другиот амандман е расправаме, тогаш е јасно. Тогаш ќе биде член 11 само за појаснување, ако се прифати вториот амандман.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, сакам да дадам едно појаснување во врска со даночната основица што беше тука и во општиот претрес а еве сега и по амандманот. Имено до сега данокот на плати кој сите ние го плаќаме се пресметува на бруто основица. Тоа е нето личниот доход претворен во бруто врз база на сите даноци и придонеси кои се плаќаат, а тоа е

данокот на плата, тоа е пензиското, здравственото осигурување, за вработување и слично.

На нето основицата се изнаоѓа со коефициент бруто основица и на таа основица се плаќаат сите придонеси и данокот од плати. Тоа е што ние денеска го имаме, а што се предлага со законот што е денес на дневен ред?

Со овој закон се предлага 1/4 од платата, од пензијата, од катастарскиот доход или било кој остварен доход да биде ослободен од плаќање на персонален данок од доход. Тоа е 1/4 од просечно исплатената плата. Тоа е новината во законот што го имаме сега на дневен ред. Значи сега имаме едно, така да речам, подобро решение на неоданочен одреден минимум кое денес ние со постојниот систем го немаме.

Сега конкретно ние како Комисија за финансирање и буџет, имајќи ги сите овие дилеми што таму ние ги изнесувавме, побаравме од Министерството за финансии да ни достават еден преглед од кој ќе може да се види што ќе биде даночната основица што мислам и спрема мене е доста битно, при оданочувањето на персоналниот данок во 1994 година и понатаму.

Ние како Комисија добивме еден преглед а и содржината на член 11 упатува на следното:

Даночната основица спрема овој закон ќе биде второ бруто, класично речено, а тоа значи на нето основицата со сите даноци и придонеси по коефициент се изнаоѓа бруто основица. На тоа прво бруто кое е и најголемо се плаќа придонесот за пензиско и придонесот за здравство и придонесот за вработување. Од таа вкупна бруто основица која се вика прво бруто се ;вадат сите наброени во член 11 и тоа придонесот за пензиско и инвалидско осигуруваше, здравственото осигурување, вработувањето и другите јавни давачки кои се платени на првото бруто.

Откако сите тие придонеси ќе се извадат,данокот од плати не се вади. Тоа е основицата на која се пресметува второто бруто. Тоа е основицата на која се пресметува персоналниот данок, она што е во член 12, до две просечни плати 23% од две до пет просечни плати, над тој износ 27% и над пет плати се плаќа по стапка од 35%.

Имајќи го прегледот што ни беше изготвен, а бидејќи беше направено спрема тоа што денес се плаќа, по постојната стапка, до две плати колку понатаму ќе се плаќа, на две до пет и над пет плати, ние во Комисијата заклучивме дека спрема приложениот пример кој беше даден дека со новиот закон со примената на постојните стапки, со стапките од постојниот закон, дека кај најниските основици до две плати ќе има намалување во плаќањето на данокот.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (**продолжение)

Кај другата категорија на граѓани, на физички лица, бидејќи овде е спомнато, кој што ќе земат личен доход над две до пет плати, спрема овие ставки што сега се предлагаат ќе се плати данок скоро во иста висина колку што и сега се плаќа.

Кај категоријата физички лица кои што имаат плати во износ над горната граница над пет плати, ќе платат повисок износ на данок на плати, отколку што оние што го плаќаат со постојниот закон. Еве тоа е суштината во делот на даночната основица и во делот на даночните стапки. Да имаше табла ќе беше подобро.

Сега би сакала да кажам бидејќи целата работа се врти околу тоа, кој конкретно ќе го плаќа данокот, јас би укажала на член 95 од Законот, од персоналниот закон за данок, кој што гласи: "Исплатувачот на лични примања и други приходи на кој аконтацијата на данокот се плаќа по одбиток е должен запрениот данок да го уплати при секоја поединечна исплата, што ги анулира дилемите кој ќе го плаќа данокот. Според предложениот закон данокот ќе го плати исплатувачот на личното примање. Тоа е за сите оние што имаат приходи и го плаќаат данокот по одбиток. Така што и онаа дилема што беше околу тоа кој ќе го плати данокот на пензионерите излегува дека данокот за пензиите треба да го плати Фондот на пензиско и инвалидско осигурување. Тоа е она што го имаме сега. Иако останува другата дилема бидејќи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување сега има доста проблеми околу исплатата на постојните пензии, дали нема да биде дополнителен товар зголемувањето од најмалку, не би рекла од 23 посто, бидејќи има таму

едно ослободување од една четвртина од кој износ тоа ќе се надополни и на каков начин тоа ќе се реши.

Можеби имаше и други дилеми, но мислам сега за сега толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, јас морам да кажам дека ние овде водиме чиста комисиска расправа. Она што морало по амандманот да му биде и на подносителот и на оној кој го брани основниот проект до крај јасно во комисиите, ние денес овде го расправаме. А станува збор за закон кој не е по итна постапка.

Господин Крстески.

На крајот, јас ве молам, ако не можеме да го разјасниме, тогаш да го донесеме, да пуштиме да се примени, ќе видиме што е навистина. и ќе го промениме. Овде не гледам друго решение. Овде сите да се убедат во нешто е невозможно. Овде е невозможно, зашто секој има своја верзија како тоа ќе се спроведува.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, оваа изнудена дискусија ја важам, сум против амандманот на член 11 да се брише, со лично мое образложение единствен член кој е јасен и применлив. Забуната станува, само тој е јасен, се е друго нејасно. Тоа категорично тврдам, читајте и ќе се уверите. Од каде доаѓа нејасноста од одредбите. Имаме даночни обврзници наброени исклучиво физичко лице. А воведен е термин нејасен исплатувач и тука е целата заблуда. Значи, обврзникот треба да си го плати, тој е персонален, односно во народен превод, тој е личен. И тука има забуна,

сега пензиското се доведува не да плаќа пензии, туку даноци на пензионерите. Тој нема за пензиите пари, па и даноци да плаќа. Тоа е забуна во несклад. Значи, исплатувач или неправилно е преведен од странската литература или неправилно внесен и тоа прави забуни. Инаку, овој се вика личен данок или персонален, тоа е малку интернационално. Сметам како досегашната пракса, како што си знаат финансиерите тој на крајот на годината, ако има одредено прекорачување на вкупен личен приход, сметководството само му дава потврда колку е прекорачувањето и тој оди фактички во Управа за приходи и си го намирува. Сега таа обврска ја зема мислам исплатувачот. Тука не е регулативата исправна, не е логично внесено во текстот и затоа доаѓа до нејаснотии. И во пресметката јас не знам како ќе се снајдат исплатувачите. Постои обврзникот оној што го остварува личниот доход, а не плаќа. Плаќа во негово име некој, затоа ќе има во тој ланец и ќе има во примената проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот,

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака?(10 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Петар Георгиев, Тодор Димов и Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот на член 6, за додавање на нова точка 19, по точката 18, поднесен од пратеникот Никола Стојанов.

XIII/4

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас чув многу објасненија овде, меѓутоа, се уште не сум убеден во една проста работа. Ако едно буре собира 300 литра и сега му додадеш уште 23 посто на тоа каде ќе се стават тие. Ќе истечат надвор, нема да собере. Тоа е една работа.

Ова ќе се почувствува тогаш, Фондот значи треба да го плати. Од каде ќе најде средства Фондот да плати нови средства. Тоа се нови средства. Ова ми личи на онаа прикаската од Насрадин Оџа. Кога на една порта со еге на клучот триел, па поминал и некој го прашал "што правипг Настрадин Оца", рекол "свирам"."Не се слуша ништо ќе се чуе утре" - рекол. Утре ќе се чуе кога ќе треба луѓето пензии да примаат, ако им се скуси. Или ќе им се скуси во тоа со 23, или пак ќе се смали обемот на средства, па ќе се добијат помалку, затоа што 23 посто мора да се издвојат од тој фонд во касата на Буџетот. Јас, затоа апелирам, предлогот на амандманот е во тоа , во точката, членот 6/да се додаде нова точка, таму 19, со кое да се ослободат од плаќање на данок пензионерите кои имаат до две:просечни пензии. Над тоа да се оди како што е предвидено со законот. Јас апелирам ова да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Стојков.

XIII/5

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, еве доказ како двајца пратеници од две различити партии, едниот од позицијата, другиот од опозицијата можат да дојдат до ист заклучок , односно, на некој начин да се поддржуваат. Јас овој амандман потполно го прифаќам и ќе гласам за него, меѓутоа, ме наведоа и претходните дискусии на господата од Либералната партија, дали не се прави во ова Собрание, односно, ако сите ние треба да се заложиме, ако мислиме за иднината на исплатата на пензиите, инвалиднините во износ од две плати, да не се оданочува, мислам дека поединечново изјаснување само ќе му штети на угледот на овој Парламент Јас се надевам дека г-динот Никола Стојановски од чисти побуди и верувам дека во тој однос мисли дека и неговата партија во однос на овој амандман ќе го поддржи. А јас ви гарантирам дека ќе ве поддржам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6, за додавање нова точка 19 по точка 18, поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратениците Петар Георгиев, Тодор Димов и Тиме Андонов.

(се повлекува).

XIII/6

Отворам претрео по амандманот на член 12 , став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Ве молам, по амандманот што се повлекува...

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не, таму е укажано на една техничка грешка, амандманот е во ред и го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во што е проблемот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во повикување на членот од претходниот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претходниот амандман се повлече. Не се усвојува.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Меѓутоа, грешката е точно забележана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е точно забележана, тогаш треба да биде ваш амандман и да си го измените.

Што прифативте?

Да се разбереме, амандманот од Владата е прифатен. Не може да биде повлечен, ако веќе го прифативме. Вие сте го дале, тие го прифатиле и молам да констатираме и да се разбереме.

Да констатирам амандманот на член 12 поднесен од пратениците Петар Георгиев, Тодор Димов и Тиме Андонов , Владата го прифатила. Вие сега немојте да го повлекувате. И не можете, таа го прифатила. Тоа требало вие да го повлече порано.

XIII/7

Минуваме натаму.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Да ве потсетам се работи исто како обидот кај данокот на добивка да се воведе додатна давачка за радио-дифузијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Стоиле Стојков бара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Токму на прв поглед изгледа дека ние двајцата пратеници јас и г-динот Стефковски се залагаме стапките на персоналниот данок на доход да се зголемат за 0,4%. Тоа е само навидум, меѓутоа, сакам да објаснам што всушност значи. Иако никаде во, ако се прифати амандманот, во делот никаде нема да стои зошто ќе се користат овие средства. Меѓутоа, намената е токму за тоа што и министерот го кажа, односно, за финансирање на радио-дифузијата во РМ преку националната радио - дифузна институција Македонската радио-телевизија.

Зошто предлагаме 0,4% зголемување на стапките. Прогресивно се разбира, почнувајќи од 23 посто што е стапката и до најголемата стапка од 35%. Тоа е од следниве причини. Во услови и денес што зборував во однос на едно несоодветно финансирање на оваа национална институција Македонската – радио -телевизија, односно, свесни сме дека таа МРТ има неброени, илјадници, илјадници спорови со граѓаните кои немајќи да .го платат надоместокот кој сега изнесува ми се чини 200 денари, односно кои со предлогот на Владата би бил 220 денари можеби

и повеќе, на овој начин се ставаат во една поволна положба и оној амандман што го предложи г-динот Стојановски да беше прифатен ќе имавме една селекција во однос на тоа кој е тој што треба да плаќа за радио-дифузијата, за развитокот на радио-дифузијата, односно за опстанок на МРТ. Во секоја држава даноците ги плаќаат тие што имаат да ги платат. Другите што немаат да ги платат се луѓе кои користат дури од Буџетот односно од Буџетот кој се полни со еден дел и со даноците. Во секоја држава со пазарно стопанисување е така. Ние што имаме сега случај. Имаме случај надоместокот за радио-дифузијата да го плаќаат и социјалните случаи, а овде во овој ист случај да го плаќаат и социјалните случаи, а овде во овој закон за персоналниот данок тие што примаат помош по членот 6 од точката 13, помошти за социјална заштита, тие се ослободени од плаќање на овој данок. Што значи дека имаме таков апсурд, човек што прима социјална помош од 12 00 денари, пример ќе кажам или помалку, да плаќа надоместок за радио-дифузија од 200 и кусур денари. Тоа е една шестина од неговите примања. Ако не плати МРТ тоа почна да го прави ќе го даде на суд, судот ќе одлучи дека треба да плати, па затезна камата, па полиција итн. Ист е случај и со земјоделците. Земјоделците, имавме суша оваа година, Владата со своја одлука определи кои региони се ослободени од плаќање на данок, меѓутоа, што се случува. Истите тие земјоделци немаа за десет месеци платено од обврска за надоместок за радио-дифузија им доаѓаа дома и немаа што да им зема, дури еден слушнав рече опинците дојдоа да ми ги земат. Толку смешно можеби ќе му биде, меѓутоа, тоа е нашата вистинска состојба. Со овој предлог да го објаснам излегува дека , да кажеме , еден пензионер со 3000 денари ќе зема пензија, би платил за овој надоместок само 12 денари, а не 220 денари, една сума која

изнесува скоро 8 или 9 посто од неговите вкупни примања. Во тоа е разликата. Денес имаме масовно не плаќање од оние социјални слоеви би ги нарекол, од работниците кои не примиле плата по 3-4 месеци, од пензионерите кои имаат минимални пензии, па дури до оние средни пензии, затоа што големо оптоварување е надоместокот за радио - дифузијата и нормално земјоделците кои поради сушата не го собраа ни она што го вложија. Мислам дека Владата би требало да размисли дека начинот на финансирање на националната институција МРТ може да се изврши само на овој начин. Тие што имаат ќе плаќаат за тие што немаат. Тоа е основата на секој данок во секоја држава. Ние плус во Уставот внесовме дека сме социјална држава. И солидарноста е тука, не само ние , да речеме да ја земеме една Шведска. Таму, исто така, се прогресивни даноците. Не одат до 35%, одат и повеќе персоналниот данок од доход, дури некаде имаше пред 3 - 4 години до 80%. Меѓутоа, тоа е суштината тој што има да плати за тој што нема. Затоа што државата му овозможила да заработи и ќе плати за тој што нема. Односно, тој што е социјален случај во државата, а ние да бидеме свесни дека 60% од населението во оваа држава сега ни се социјални случаи. Тоа треба да го признаеме. Верувам дека еден што има 50.00 0 денари, еден директор ќе се сложи да плати 0,4%, па ќе му излезе 200 денари, односно овој дел од начинот на финансирањето што го предлагавме со г-дин Стефковски, првиот не го прифативте од данокот од добивка, третиот е исто така во следниот данок итн. Мислам дека Владата единствено на овој начин може да го реши финансирањето на оваа национална институција, ќе повторам МРТ, која и е потребна на оваа Македонска држава и на оваа македонска нација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам, кој е за да крене рака?

XIV /1.- РД/ЈБР

**СТОЈАН АНДОВ:**

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 12 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 2 поднесен од ЗПК.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 2 поднесен од пратениците Славјанка Стојанова и Ванчо Златанов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Со Законот што е на дневен ред за разгледуваше се сака стапките на персоналниот данок од доход да бидат прогресивни со тоа што на даночната основица да се додаде просечни месечни нето плати, стапката инесува 23%. На делот од доходот од два до три месеци нето просечни плати стапката да изнесува 27% и на делот од доходот на петмесечни нето просечни плати стапката да изнесува 35%. Со постојните прописи стапката на данок од личен доход при вршење на

земјоделска дејност обврзниците на кои земјоделството им е основна дејност стапката изнесуваше, односно изнесува 2,5%. Поради драстично зголемување на стапките за данокот од доход на приходот од земјоделска дејност, кои што се предлагаат со овој Закон, а од друга страна имајќи ја предвид состојбата на земјоделството, со овој амандман предлагаме стапката за персонален данок од доход на приходите од земјоделска дејност да изнесува 23% што би претставувало поприфатливо решение од овој вид на данок, односно земјоделие.

Со оглед на тоа дека се работи за незначајни средства сакаме да го прифатите овој амандман.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА.**

Господа пратеници, иако знаејќи го ризикот од неприфаќањето на полно амандмани кои што беа поднесени на полно закони што се од почеток за стабилизација, знаејќи го тој ризик, а сакајќи го се пред се да укажам на одредени состојби кои што доста битно би се измениле со прифаќањето на персоналниот данок и пред се постапките кои што би ги погодиле земјоделците, по долго размислување се одлучив да го поднесам амандманот. Сакам да го образложам пократко амандманот. Најпрвин да кажам дека во постојниот закон имаме земјоделците се рангирани на две нивоа. И тоа земјоделци на кои земјоделството им е единствено занимање и кои што плаќаат данок по стапка од 2,5% и земјоделци на кои земјоделството не им е единствено занимање и кои што сега со постојниот закон плаќаат по стапка од 40%. Со предложениот закон не земјоделците ќе имаат помалку оданочување, бидејќи нивната стапка од 40% ќе се намали на 35%, 27 или 23% во која група ќе влезе. Поголемиот товар кој што со овој Закон треба да го понесат ќе бидат земјоделците на кои земјоделството им е единствено занимање. Зошто?

Заради тоа што тие сега плаќаат по стапка од 2,5%. Со предложениот закон најниската стапка е 23% или 27% или 35% . Според мене тоа е едно доста високо и драстично зголемување на данокот на земјоделците. Можат полно со мене да се согласат, можат и да не се согласат но фактичката ситуација е таа. Ако е така, тоа е еден момент. А другиот момент е следниот: Спрема Законот данокот го плаќа исплатувачот кај данок на одбиток. Кај данокот на земјоделците лично ќе го платат данокот. Тоа ќе се терети катастарскиот нивен доход и од нивниот катастарски доход стапката најниска ќе биде 23%. Кај земјоделецот нема исплатувач кој ќе го плати данокот на плата, данокот на катастарски доход. Тоа значи дека кај правите земјоделци, данокот ќе се зголеми скоро за десет пати према предложениот закон. Имајќи ја економската логика и знаејќи дека изедначвауњето треба да биде кај сите физички лица, сметам дека можеби подобро ќе беше решението од Нацрт на овој Закон каде што стапката беше предложена на 15%. Таму немаше изедначување на земјоделците со сите други категории. Сега во Предлогот на законот тоа го имаме. Можеби има и други аргументи, но еве вака тие беа на некој начин не определија да го поднесам овој амандман, бидејќи мислам дека товарот сите треба под еднаков да го носиме, но не така нагло одеднаш да го направиме кај оваа категорија на граѓани Република Македонија.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Можеби имаше г-цата Стојановска други аргументи кои не ги изнесе, само не го изнесе еден многу ваизн од досега веќе даночната основица и на приходот од земјоделие ќе се намали за 1/4 од платата просечна, па може да испадне ништо да не наплати кај нив, како што не сме наплатиле последните две години.  Според тоа, ние овде сме

прифатиле да немаме во даночниот систем диференцирани стапки на образложување. Меѓутоа и ова 10 пати, не е вистина со прифаќањето на намалувањето на основицата за 1/4 од платата, па таму сосема поинаку се утврдува основицата. Таму се можни сосема други, не е како кај платите. Основицата се знае од катастарскиот приход, или ако сака може да остварува доход. Така дали ако стапката е поголема, може да биде единствена, не ќе дојде во практиката 10 пати да платат повеќе отколку што плакале досега.

**МАРИН МИЈТЕНКОВСКИ:**

Јас овој амандман не би го прифатил од следните причини: не се работи за ова од поднесувачите на амандманот што го кажаа дека ќе се изедначуваат, меѓутоа, се прави една друга разлика. Се прави разлика со тоа што оние земјоделци кои имаат поголем доход, поголема површина 2 0 до 3 0 хек. ќе се изедначат и со оние што имаат и по 1 хек. или 2 хек. Во тоа е суштината треба да разбереме. Ако викаме прогресивно, да се зголемува, оној што остварува поголем доход, треба и да плати повеќе. Оној што не може да оствари, нема да плати. Во тоа е суштината на овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за колам да крене рака? ( 15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 83 став 2 поднесен од пратениците Славјанка Стојанова и Ванчо Златанов.

XIV/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 2 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 117 став 5 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 150 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

XIV/6.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме нов амандман од г-динот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Амандманот не е поделен, се однесува на член 41 во точка 4 се додава нова точка 4-а која гласи: "За изведување на уметнички дела од областа на сериозната музика, балетот, операта и театарска и филмска глума 25% од бруто приходи. Во точка 4 зборовите "театарска и филмска глума се бришат"

Образложение

Ова се предлага од причини што се смета за изведување на уметнички дела од областа на сериозната музика, театарската и филмската глума е потребно да се определи повисока стапка 25% која се признава како трошок и утврдување на нето приходот од авторските права. Мислам во самиот член 41 точка 4 не се врши едно разграничување на тоа што е уметничко дело. Мислам ако добро го прочитате членот 41 точка 4 дека за изведување на уметнички дела свирење, пеење, театарска и филмска глума, рецитирање. Малку за нашите поимови свиресето и пеењето што значат. Апсолутно се врши една тотална деградација на уметничките дела.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ѓо прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве молам, прво да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Кој е за молам да крене рака? (53 )

Кој е против? (3)

Кој се воздржува од гласање? (11)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на закон за даноците на имот.

Предлогот на законот, извештаите на работните тала на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 став 3 и на член 6 став 1, точка 1 и 15 со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков поднесоа амандман на член 23 за додавање нов став 2 по ставот 1 на пратеникот Димитар Димитровски, под ќе се амандмани на член 26 за додавање нова точка 7 и на член 26 за додавање нова точка 8 по кој Владата не е произнесен.

ЗПК поднесе амандмани на член 6 точка 6 член 27 0 и член 36 став 1.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 31 за менување на ставот 1.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 45 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по Амандманот на член 6 точка 6 поднесе од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот на ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Томислав Стевковски и Стоиле Стојков.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (11 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Томислав Стевковски и Стоиле Стојков. '

XV/2

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нова точка 7 поднесен од пратеникот Димитар Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Информиран сум дека не треба натаму да водиме постапката по овој амандман бидејќи има писмо со кое поднесувачот го повлекува амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нова точка 8 по точката 7 поднесен од пратеникот Димитар Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Информиран сум дека не треба натаму да водиме постапка по овој амандман бидејќи има писмо со кое поднесувачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31 за менување на ставот 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ;:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор.

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Всушност предлагаме измена, преформулирање на ставот 1 и ставот 2 на овој член и тоа тргнувајќи од практични причини за да се поедностави постапката околу пријавувањето и евидентирањето на имотот на граѓаните.

Во таа смисла сметаме дека овој амандман се предлага со цел да се овозможи органот за јавни приходи да постапува врз еднаш поднесена даночна пријава од страна на даночните обврзници. Се цени дека со одредбите од член 31 став 1 и 2 со што се утврдува обврската за обврзникот на данокот од имот секоја година да поднесува даночна пријава ќе се зголемат трошоците на работењето, администрирањето, и даночните обврзници непотребно ќе имаат обврска за пријавување ист имот секоја година.

Истовремено се предлага надлежниот орган да ја пресметува вредноста на имотот согласно утврдената методологија. Значи, со менувањето на овие два става од членот 31 сакаме да се избегне потребата секое годишно пријавување на имот се една страна и од друга страна утврдувањето на вредноста да не биде работа на сопственикот на имотот кој некогаш може да биде и неписмен, туку тоа да биде работа на проценка според одредена методологија на надлежниот орган чии услуги ќе ги користи органот за јавни приходи.

Сметаме дека на тој начин по објективно ќе се приста1 кон решавање на проблемот и нема да се создадат нити гужви пред шал-

терите секоја година, а од друга страна нема да се потпреме врз оценувањето на вредноста на имотот само на сопственикот на имотот или оној што ќе го пријави тој имот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Веројатно во иднина ова ќе биди актуелно, откако ние како држава ќе стабилизираме и евиденција на имоти, куќи, станови итн. Меѓутоа засега чиниме дека е нереално да се впуштиме да правиме некоја методологија врз база на која сите даночни обврзници треба да се подвргнат на таа методологија затоа што овде сме прифатиле една друга филозофија. Прво, сам пријавува данок, после даночниот орган цени каде ќе оди. Двата метода , треба сите обврзници да се опфатат а тоа значи сите граѓани на Македонија.

Сугерирано е од светското искуство дека не се исплатува, често пати тие врски некаде се мали да се воведе таква една методологија после која треба се да се обработи. Значи, прво ќе се тргне од довербата, слични имоти. Ако е еден, ќе се каже еве, тие станови толку, ова толку, па да оди даночната инспекција само кај одделни случаи. Тоа е во светот пракса и за царината и за ова, а не секој граѓанин. Дури тогаш шалтерите ќе бидат полни. Не знам дали Комисијата го имала предвид другиов момент дека не одиме на сите граѓани заради овој данок сите да се подврגнат на некоја администрација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Мислам, кој е за амандманот нека крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот член 31 за менување на ставот 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 3 6 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕЛИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставан на гласање.

Пред да гласаме да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Информиран сум дека во салата се присутни доволен број на пратеници.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеници)

Очигледно двајца не гласале бидејќи се присутни (62 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за даноците на имот.

Минуваме на **<u>точката 21</u>** - <u>Предлог на закон за управата за јавни приходи.</u>

Прелогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Бидејќи се сомневам дека има уставен основ за донесување на еден ваков закон, а тоа го поткрепувам со членот 95 од Уставот каде стои дека државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, односно во третиот став - Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници. Таков закон како Собрание до сега немаме донесено, а имаме закон за органите на управата на РМ донесен 1990 година каде во членот 119 е Министерство за финансии и во составот на Министерството за финансии се Републичката управа за имотно правни работи и Републичкиот финансиски инспекторат. Што значи ниту законска основа ниту уставна основа нема за донесување на еден ваков закон.

Претходно, за да се носат закони за органите на државната управа би требало да се донесат согласно на Уставот, Општиот закон за органите на државната управа со двотретинско мнозинство на ова Собрание.

На овој начин мислам дека законот нема уставен основ за донесување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 18 став 2 член 32- став 1 точка 1 и на член 40 со кои претставникот на Владата се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

XV/7

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 38 за додавање три нови става по ставот 2 по кои Владата не се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 38 за менување на став 2, член 40, член 26 и на член 11 став 4 по кои Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани за менување на член 2, член 7, член 9 за додавање нова точка 1-а, член 16, член 22, член 32 став 1, член 33, член 34 став 2 за бришење на ставот 3 , за бришење на член 36 и на член 41.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање на нова точка 1-а поднесен од ЗПК.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот;

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 3 поднесен од ЗПК.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2 за бришење на ставот 3 поднесен од ЗПК.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 34 став 2 за бришење на ставот 3 од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од ЗПК.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 36 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за менував на став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, само има амандман на Комисијата за финансирање и буџет со кој се усогласува оваа проблематика.

Информиран сум дека подносителот на амандманот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање три нови става по ставот 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 40 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам Претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (6 пратеници).

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

б пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 41 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управата за јавни приходи.

Минуваме на **точката 22** - Предлог на закон за платен промет Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес..

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 56 и член 61 со кој претставникот на Владата се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 46 за додавање на нов став 3 по ставот 2.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 61, а Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за менување на член 57 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5, член 1 став 1, точка 3 и насловот на Глава II точка 1 потточка г) член 19 став 1 и член 28 став 2, член 39 став 1 за додавање нов член 39-а, за додавање нов член 40-а, за менување на член 43, за бришење на член 42, член 44, 1 за бришење на член 45 и 46, член 47 став 1 точка 1 за додавање нов член 38-а, член 50 став 1 и 2 за додавање нов член 48-6, на член 54 за додавање нов став 3, за додавање нов член 54-а, член 56, на член 57 за менување на став 1,2 и 3, член 61 и на член 62 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 49 став 1 и 2, член 50 став 2, член 51 став 1, член 52, член 53, член 57 став 1 за додавање нов член 61-а и на член 63.

Отворам претрес по амандманот на член 5, член 17 став 1 точка 3 насловот на Глава II точка 1 потточка г) член 19 став 1 и член 28 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Се работи за претпријатијата за ПТТ сообраќај да се стави и името Македонија. Ние сметав дека е доволно да се рече претпријатие за ПТТ сообраќај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Името на јавното претпријатие за ПТТ сообраќај не го опре- делил пратеникот Тодор Петров, туку амандманот е во функција на усогласување на името на претпријатието утврден со акт, одлука на Собранието на Република Македонија и затоа се предлага во целиот текст на законот, односно членот 5, членот 17 став 1 точка 3 насловот на Глава II точка 1 потточка г) членот 19 став 1 и членот 28 став 2 каде што се употребува формулацијата претпријатие за ПТТ сообраќај да се употреби името утврдено со одлука на Собранието на Република Македонија, јавно претпријатие за ПТТ сообраќај Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Консултиравме и стручни лица за оваа проблематика и мислам дека имињата на претпријатијата можат и да се менуваат. Тука законот ако се упушта треба ако се менува името на некое претпријатие, треба и законот да го менуваме. Да не навлегуваме во таква обврска во законот ако не мора, а речено е дека може и така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници).

XVI/4.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1 точка 3, насловот на Глава II точка 1 потточка г), член 19 став 1 и член 28 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

И овој амандман Владата не го прифаќа, туку останува на текстот што го предлагаме ние.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 39-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот е од суштински карактер. Владата не го прифаќа. Со Заводот е решението директор да управува, а не управен одбор."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

XVI/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точно е дека забелешката е од суштински карактер заради тоа што ако Заводот е самостојна стручна организација со својство на правно лице, нелогичноста произлегува од членот 49 во врска со тоа кој ќе го донесува статутот на тоа правно лице. Од вака формулираната определба за функционирањето, односно организацијата и работата на Заводот за платен промет произлегува дека сите акти, па дури и актот статут, основниот акт на Заводот ќе го донесува само директорот. Од тие причини предлагам после членот 39 да се додаде нов член кој ќе гласи: со Заводот управува управен одбор на Заводот составен од девет членови. Со Заводот раководи директор. Заводот има и заменик директор кој го заменува директорот во случај на спреченост и отсутност и врши работи кои што ќе му ги довери директорот. Членовите на управниот одбор, директорот и заменикот директор на Заводот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија од редот на компетентни стручњаци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 39-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 40-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XVI/6.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Се работи за натамошна обработка на концептот управен одбор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 43 од Предлогот на законот Владата утврдила, или се определила Владата на Република Македонија да го потврдува статутот на Заводот. Меѓутоа, никаде во текстот на Предлогот на законот не пишува кој го донесува статутот на Заводот за платен промет. И од тие причини се предлага Заводот, да се додаде после членот 40, нов член 40-а кој што децидно ќе ја утврди определбата, односно надлежноста на орган кој ќе го донесува статутот на Заводот за платен промет и се предлага после членот 40 да се додаде нов член 40-а, кој ќе гласи: Заводот донесува статут со кој поблиску го уредува работењето и организацијата на Заводот. Статутот на Заводот го донесува управниот одбор на Заводот, а согласност дава Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се работи за начелна разлика, дали како јавните претпријатија, или како управен орган. Овој концепт не оди аналогно на јавните претпријатија каде што има управни одбори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

XVI/7.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Заводот според објаснувањето на министерот нема аналогија на јавно претпријатие. Меѓутоа, според членот 45 има јавни овластувања. Па во таа смисла се предлага точно да биде дефинирано кој ќе го донесува статутот на Заводот. Во членот 43 се вели дека Владата дава согласност на статутот, меѓутоа никаде не пишува кој го донесува статутот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 40-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 42, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Го исклучува правото на Владата да контролира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање..

XVI/8.-

Кој е за, молам да крене рака. (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 42, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 43, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 44, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 44, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 45 и член 46, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, не се согласува да се бришат тие членови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за додавање нов став 3 по ставот,2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

По овој амандман >се согласил повереникот на Владата.

Го, молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

XVI/10.-

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас сепак мислам дека Министерството, односно предлагачот на овој закон треба уште еднаш ова да го погледне, бидејќи Комисијата за економска политика и развој и претставникот кој беше присутен на седницата го прифати овој предлог-амандман, а тоа е за да може да биде ускладен со другите членови од законот каде се цитира во другите членови дека директорот има и заменик, а не е кажано точно дека треба да го има. И затоа во член 4 6 се предлага нов став 3 во кој се вели дека директорот на Заводот има заменик, за да тоа биде во склад со другите членови каде низ другите членови се цитира заменик на директорот. Не знам зошто министерот мисли дека не треба да се прифати овој амандман. Ова е и од редакциска гледна точка, а и ускладување со другите членови од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

И без она што го рече претходниот дискутант сметам дека треба да има Заводот заменик на директорот, бидејќи утре треба некој да го претстави тој Завод во случај тој да биде на боледување, или некаде, секако дека треба да има заменик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во членот 4 3 Владата на Република Македонија ги потврдува статутот, финансискиот план, годишната пресметка, како и тарифа за надоместоците за платен промет на Заводот и го именува и директорот на Заводот и заменикот на директорот на Заводот. Додека овде членот

46 вели: со Заводот раководи директор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 46 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4 7 став 1, точка 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман, меѓутоа интервенира. Амандманот за измени во член 47, а не за додавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 48, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

XVI/12.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 48-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 48-б, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот актите да се објават во "Службен весник на Заводот".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 48-б, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Ѓо молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

XVI/13.-

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 52, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XVI/14.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 53, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот на член 54 за додавање на став 3 е во функција на спроведување на одредбите од законот заради тоа што со него се предлага директорот и заменикот на директорот на Заводот да се именуваат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (1 пратеник).

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претес по амандманот за додавање нов член 54-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што нема потреба законски тоа прашање да се регулира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека амандманот ве е само од формално - правна, туку и е од суштинска природа заради тоа што со законот за управата за јавни приходи и законот за платен промет во преодните и завршните одредби

се задржува примената на одделни одредби од законот за Службата за општественото книговодство на Република Македонија. Со овој закон законот за Службата на општественото кни-оводство на Република Македонија не престанува. Ќе престане откако Владата ќе предложи а Собранието ќе ги донесе и соодветните закони за ревизија, со кои ќе бидат исцрпени сите простанати одредби од Законот за Службата на општественото книговодство на Македонија. Меѓутоа со тој закон кој ќе биде се уште во сила до тоа идно се уште идно несвршено време СОК формално - правно по основ на законот ќе постои и затоа се предлага, иако се врши делба на имотот на СОК, на Управата за јавни приходи и на Заводот за платен промет, а формално- правно останува СОК се предлага со членот 5 4 да се додаде нов член 54-а кој ќе гласи: "Со денот на почнувањето со работа на Заводот...", се мисли на Заводот за платен промет, односно при утврдувањето на дефинитивниот делбен биланс на СОК на Република Македонија престанува со работа СОК на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака. (6 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 54-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 56, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XVII/3.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Првиот дел од амандманот, од реченицата од амандманот се прифаќа. Во вториот ред по зборот "книговодство" се заменува со зборот "на" и точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Петров останува на останатиот дел од амандманот да се изјаснуваме.

Го повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 57, под несен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот на Комисијата за финансирање и буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата овој амандман на Законодавно - правната комисија не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, разгледувајќи ги одредбите на член 57 од овој закон Законодавно - правната комисија наиде дека на овој начин на мала врата одеднаш имовината на вработените да се префрли во државна имовина. За да се заштити начелото на еднаквоста на правата на сите утврдено со Уставот, ние предлагаме Комисијата да биде составена од членовите на Советот кој го сочинуваат и претставници на Собранието, на Владата и другите корисници на услугите на СОК, кака и на вработените за тие напред делбен биланс. Владата тоа да не го прави преку своја комисија, од чиста причина што на овој начин ние веднаш воведуваме таканаречена пречистена државна имовина. Тоа не е имовина, нема основ да биде државна имовина. Ова се причините и молам ова да го прифатите да не се занимава со оваа одредба Уставниот суд на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака., (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 57 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 57 за менување на став 1,2 и 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со прифаќањето на амандманот од Комисијата за финансирање и буџет дилемите што беа присутни во Комисијата се решени и амандма-

нот не се прифаќа бидејќи таму има друга формулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 61, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 61, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од суштински карактер.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Се согласувам со тоа што укажа министерот дека со промена на примената на овој закон на член 18, што е регулирано во член 61, на кој се предлага амандман за една година понапред, односно ангажираше или активирање на деловните банки што утре ќе бидат носители на

платниот промет безизлезно, затоа што тие тоа не можат да го избегнат иако во овој период не покажаа никаков интерес, да се организираат и да го преземат она што е и нивна обврска, да бидат основни носители на правниот промет. Суштината на реформата во делот на платниот промет лежеше тука. Бевме изненадени како пратеничка група иако пред две години го покренавме прашањето на уредување на оваа обврска која што во рамките на СОК на жалост ни требаа две години да се увериме во тоа дека СОК не може да опстои. Денеска веќе има само уште една функција - ревизија. Инаку ние донесовме закони со кои што битно одредени дејности на Службата ги укинавме. Значи и ова решение со законот за платен промет го ограничуваме на преодно, односно за две години. Која е функцијата на овој амандман. Да се забрза обврската на банките да се оспособат во рамките од една година и од почетокот на 1.01.195 година да ја преземат оваа функција. Во рамките на таа година, доколку навистина не се во можност тие тоа да го направат да може да се продолжи и овој закон.

Но, бидејќи амандманот е од суштинска природа, јас ќе го повлечам, но сметам дека решенијата што во овој закон се нудат многу брзо на овој Парламент ќе дојдат да се изменуваат во корен затоа што и ова преодно решение не може да опстојува вака како е уредено, Заводот на платен промет да биде носител на платниот промет каде што е единствено решение и мислам дека вакво решение не постои. Само како преодно решение може да се прифати и само како такво можеме денеска да го прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 61-а, поднесен од Законодавно - правната комисија.

XVII/7.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот на Законодавно - правната комисија, сите видови контроли минуваат во Управата за јавни приход

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 61-а, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 62, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 63, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот на член 63, поднесен од Законодавно - правната комисија.

XVII/8.-

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Законодавно – правната комисија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам накратко да дадам образложение зошто ќе гласам против овој закон.

Заради тоа што во членот 38 Владата, Заводот за платен промет го дефинира како самостојна стручна организација, а во целиот текст на законот го третира како орган на управа. Тоа го потврдува членот 48 од Предлогот на законот во кој вели "Во врска со закони- тоста, јавноста во работата, правата, обврските, одговорностите за вршење на работите на Заводот, распределбата на средствата за плати и други надоместоци, правата, обврските и одговорностите на вработените и работните односи соодветно се применуваат одредбите од Законот за органите на управата ако со овој закон не е поинаку определено.

Во членот 95 став 3 од Уставот на Република Македонија многу убаво е кажано и напишано: "Организацијата и работата на органите на надлежната управа се уредуваат со закон кој што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници". Од овие причини за овој закон во ваква форма, имајќи предвид дека Владата ги одби сите амандмани кои се однесуваат на организацијата на работењето со управен одбор, како навистина самостојна стручна организација до неговото целосно укинување од 1 јануари 1996 година, ќе гласам против донесувањето на овој закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Нема никаде пропишано решение дека од 1.01.1996 година ќе се укине Заводот. Таа одредба важи дека од тогаш и деловните банки ќе се бават со функцијата платен промет.

XVII/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

(Јас се извинувам, меѓутоа очигледно дека сме заморени).

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (52 пратеника).

Дали има некој против? (5 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за платен промет.

Ве молам, сега ние ќе прекинеме со работа, а ќе продолжи ме со работа во понеделник во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).